**Мониторинг на лидерство**

# Извештај од евалуацијата на перформансите на Владата на Република Македонија во периодот октомври – ноември 2007 год.

ИНСТИТУТ
ЗА ЕКОНОМСКИ
СТРАТЕГИИ И
МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ
ОХРИД

Скопје, 2007 год.

# Мониторинг на лидерство

Проект финансиран од
**Balkan Trust for Democracy**

Директор на проектот
д-р Ветон Љатифи

Проект имплементиран од
**Институт за економски стратегии и меѓународни односи-ОХРИД**

Извршен директор
М-р Билјана Јанева

Мониторингот го вршат следниве 10 експерти:

- д-р Томе Неновски, фискална и монетарна политика
- м-р Марјан Николов, трговска, индустриска и инвестициска политика
- м-р Снежана Мојсоска, финансиски и пензиски систем
- м-р Филип Блажески, економија на знаење
- д-р Ило Трајковски, образование
- м-рЉупчо Тошев, земјоделство
- м-р Васко Наумовски, надворешни работи
- д-р Душко Стојановски, внатрешни работи
- д-р Јарослав Караџински, здравство
- м-р Горан Мијоски, спорт и транспорт и врски

Институт за економски стратегии и меѓународни односи-ОХРИД
Димитрије Туцовиќ 24
1000 Скопје,
Република Македонија
Телефон: +389 2 322 44 57
Факс: +389 2 322 44 57
Веб страница: www.oi.org.mk
e-mail: info@oi.org.mk

# Содржина

**Опис на целите на извештајот** ................................................. 7

**Методологија** ........................................................................ 9

**Резиме** ............................................................................... 12

**1. Фискална и монетарна политика** ............................................. 21

**2. Трговска, индустриска и инвестициска политика** ......................... 30

**3. Финансиски и пензиски систем** ................................................ 34

**4. Економија на знаење** ............................................................ 42

**5. Образование** ....................................................................... 46

**6. Спорт** ............................................................................... 51

**7. Земјоделство** ...................................................................... 56

**8. Надворешни работи** ............................................................. 64

**9. Внатрешни работи и правда** ................................................... 71

**10. Здравство** ......................................................................... 81

**11. Транспорт и врски** ............................................................. 90

**Препораки** ........................................................................... 97

# Опис на проектот

И овој извештај на Институтот за економски стратегии и меѓународни односи –ОХРИД се стреми да даде една слика на пошироката јавност за планираните и остварените реформи на Владата на Република Македонија преку конструктивна и компаративна анализа на Акциониот план на Владата. Овој извештај е четвртиот по ред во низа извештаи во рамките на проектот „Мониторинг на Лидерство“ којшто има за цел на граѓаните на Република Македонија да им обезбеди објективен и експертски мониторинг на работата на нивната Влада.

Проектот има две главни дејства. Прво, детално ги информира граѓаните за политичките иницијативи и активности на Владата, наспроти објавените анализи. Ова ќе ја направи Владата поодговорна. Второ, ќе и овозможи на Владата независни експертски анализи за активностите на министерствата. Ова Владата ќе може да го искористи како алатка за анализирање на работата, надзор и непрекинато подобрување.

Мониторингот се состои од споредување на остварувањата на Владата со ветувањата (*benchmarking*) содржани во Програмата за работа на Владата 2006-2010, како и во изборните програми на партиите на власт.

Врз основа на споредувањата, Институтот ќе изработува двомесечни извештаи за прогресот на имплементацијата на програмите, со проценка на ризикот од недоволна или недоволно квалитетна имплементација за секоја од областите покриени со извештаите.

Ваквиот начин на мониторинг и контрола би требало да резултира со следниве долгорочни ефекти:

- Зголемување на транспарентноста и одговорноста на Владата
- Подобрување на вклученоста на граѓаните со работата на државните институции
- Зголемување на вклученоста на граѓаните во јавниот политички дискурс

- Зголемен капацитет за информирано и активно практикување на демократските права од страна на граѓаните
- Создавање на алатка која на државните институции би им служела за континуирано унапредување на нивната работа.

Основа за мерење на перформансите на Владата е Програмата за работа на Владата на Република Македонија, подготвена во септември 2006 година. Најголем дел од содржинските елементи на таа програма се однесуваат на активностите предвидени со предизборната програма на ВМРО ДПМНЕ – "Преродба во 100 чекори", но има и додатоци од предизборните програми на другите коалициски партнери. Оваа програма е основна платформа за дејствување на Владата во нејзиниот четиригодишен мандатен период.

Пред да се отпочне со мерење на перформансите, експертите со помош на тимот на Институтот „Охрид", изработија Системска матрица за мониторинг базиран на перформанси. Како основа за Матрицата, експертите ја користеа Програмата на Владата, но и Изборните програми на партиите коишто се дел од коалицијата на власт. Ваквите матрици се моќни инструменти за евалуација на перформансите на јавните проекти. Успешно се користат во повеќе земји во светот. Како алатка за поефикасен мониторинг ги користат и неколку меѓународни консултантски фирми.

Очекуваните резултати и придобивки за македонското општество од проектот „Мониторинг на Лидерство" остануваат да се повеќекратни. Пред се, се очекува зголемување на одговорноста на Владата кон јавноста, нејзино мерење и оценување, како и осигурување дека Владата ги употребува извештаите како алатка за поголем развој и напредок. И воопшто, извештаите од мониторингот се очекува да помогнат демократската клима во Македонија значително да се подобри.

# Методологија

Извештајот се фокусира на реализираните активности во набљудуваниот и анализираниот период и на работите што треба да се реализираат. На крај секој од експертите коишто известуваат за мониторингот дава свое мислење за реализираните работи и за она што останува да се реализира, со давање на определени препораки во таа насока.

Изнесените констатации и оценки се изведени врз основа на информациите прибрани од прегледот на достапните пишани материјали и документи, како и од интервјуата со експерти, но и со одговорни лица во соодветните институции.

Методологијата која се користи при подготвувањето на извештаите од проектот „Мониторинг на лидерство“ во себе ги вклучува следниве елементи, постапки и алатки:

1. Изработка на Системска матрица за мониторинг базиран на перформанси, како на Илустрација 1.
2. Идентификација на планирани иницијативи, коишто согласно Системската матрица треба да бидат во процес на имплементација во периодот на известување.
3. Изработка на Прашалник за прибирање информации за степенот на имплементација на планираните иницијативи, како на Илустрација 2.
4. Интервјуа со претставници од јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор.
5. Анализа на прибраните податоци.
6. Изработка на извештај за прогресот на имплементацијата на планираното.
7. Изработка на Оценка за ризик од недоволна или неквалитетна имплементација, како на Илустрација 3.

**Илустрација 1:** Изглед на Системската матрица за мониторинг базиран на перформанси

Институт Охрид Проект- Мониторинг на лидерството Систем за мониторинг на реформите на Владата на РМ 2007

| Систем за мониторинг на перформансите на Владата на РМ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Задача** | **Појдовна Точка** | **Активности (Имплементација на реформите)** | **Цели** | **Резултати** | **Временска рамка и одговорна институција** |
| 1. Даночни Реформи | До 2006 година во РМ се применуваше прогресивен систем на персонален данок на доход со три даночни стапки (15%, 18% и 25%), данок на добивка по стапка од 15% (0% корпоративен данок на реинвестирана добивка во вредност до 100 000 € ), ДДВ со стапка од 18% за најголем број репроматеријали. | Намалување на стпката на ДДВ за земјоделските репроматеријали и механизација од 18% на 5%. | Земјоделците ќе плаќаат помалку ДДВ за набавки на репроматеријали и земјоделска механизација; | Промена на Законот на ДДВ | **ДА**/НЕ 30.09.20067 Министерство за финансии |
| | | Воведување нулта стапка за реинвестирана добивка<br>Воведување рамен данок по стапка од 12% во 2007 година, односно 10% во 2008 година;<br>Воведување рамен данок на добивка по стапка од 12% во 2007 година, односно 10% во 2008 година; | Зголемување на инвестициите, понудата и побарувачката на стоки и услуги, на вработеноста и на приливите во буџетот и намалување на одливите од буџетот; | Промена на законите за персонален данок и данок на добивка | **ДА**/НЕ 01.01.2007 Министерство за финансии |
| 2. Управа за јавни приходи | | Административно-техничко зајакнување на УЈП | УЈП поефикасно ќе ја врши својата основа функција | Закон за изменување и дополнување на Законот за УЈП; | ДА/**НЕ** 30.06.2007 Министерство за финансии |
| | Недоволен степен на наплата на “акумулираниот” даночен долг на големите даночни обврзници | Воспоставување и почнување со работа на Дирекција за големи даночни обврзници | Зголемување на наплатата на даноци од големите даночни обврзници | Склучени договори со 118 големи даночни обврзници | **ДА**/НЕ 30.04.2007 УЈП |
| | | Воспоставување електронска врска со Централниот регистар | Засилување и поедноставување на едношалтерскиот сиситем за регистрација на правни лица. | Доделување ЕМБ и единствен даночен број заради идентификација на даночните обврзници | **ДА**/НЕ УЈП/Централен регистер |
| | Значајно непријавување на даноците. | Стратегија за зголемување на пријавувањето на даноците. | Зголемување на пријавувањето на даноците и на нивната наплата. | Стратегија за зголемување на пријавувањето на даноците. | **ДА**/НЕ УЈП 31.12.2006 |

Институт Охрид

**Илустрација 2:** Изглед на Прашалник

## П Р А Ш А Л Н И К

за остварените промени и за состојбите во фискалната политика на РМ во периодот септември 2006 - мај 2007 година

1. Кои закони беа донесени во периодот септември 2006 - мај 2007 година со кои се извршија измени во фискалната политика на РМ?

________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________

**Илустрација 3**: Изглед на Формулар за оценка на ризик од недоволна или неквалитетна имплементација за еден од секторите

| Ризик | Сериозност | Активност за избегнување | Надлежен орган | Други информации |
|---|---|---|---|---|
| Р[1]: Ризик по транспарентност<br><br>П: Неприфаќање на реформите од сите заинтересирани | Голема [2] | Воведување на формални процедури во донесување на стратешки документи во кои би биле вклучени и бизнис заедницата, тинк тенковите и граѓаните | Сите министерства | Немање на информации и податоци ја отежнуваат анализата и партнерството |
| Р: Ризик да Владата води бизнис, наместо донесување политики<br><br>П: Истиснување на приватната иницијатива во пазарите | Голема | Секторски Кост Бенефит анализи за мерките кои Владата ги превзема, а кои имаат елементи на интервенционизам (Компјутер за секое дете, помош и отстапки на СДИ и слично) | Заменик премиерот за економски прашања<br><br>Соодветните министерства | Недоверба на бизнис заедницата кон Владата |
| Р: Недостаток на координираност помеѓу министерствата | Средна | Зајакнување на мониторинг и евалуација на буџетско | Генерален секретеријат и Министерство за финансии | Ад хок менување на приоритети (пр: праксата на низок приоритет |

Овој извештај е структуиран така да вниманието го фокусира на следниве насоки кои се главните компоненти на извештаите на експертите во структуролошки поглед:

- Имплементираните активности во периодот на известувањето;
- Изнаоѓање одговор на прашањето: што останува да се имплементира, т.е. што не е имплементираноили не е доработено;
- Оценување на ризикот од неимплементацијата на одредени постапки или недоволната квалитетна имплементација; и
- Општи експертски оценки за периодот на известување.

Освен овие структурни компоненти на поединечните експертски извештаи, општиот извештај од овој проект започнува со резиме и завршува со конкретни општи препораки.

# Резиме

Во рамките на реформатски процес Владата на Република Македонија и соодветните надлежни институции и во октомври и ноември 2007 година продолжија да преземаат низа мерки со кои беше продолжена претходно започнатата реализација на одредени реформаторски активности посебно насочени кон добивање на поканата за влез во НАТО.

Приближувањето на НАТО самитот во Букурешт, како и релативно критичкиот извештај за напредокот на Македонија подготвен од страна на Европската Комисија поттикнаа интензивирање на политичкиот дијалог и подобрување на функционалноста на државните институции во овој период на мониторингот. Исто така беа започнати други активности што произлегуваат од Програмата за работа на Владата на РМ во нејзиниот мандатен период 2006-2010 година.

Најголем дел од активностите се одвиваа со побрза динамика во октомври и ноември 2007, според предвидените агенди. Овој е еден од најпрогресните анализирани временски периоди во втората половина на годината со оглед на фактот дека поголемиот дел од владини програмски активности во анализираните области се реализираа во целост и со релативно брза динамика. Со тоа Владата не дозволи намалување на интензитетот ниту пропусти кои би можеле да бидат кочница посебно за зачленувањето на Република Македонија во НАТО.

После политичкиот потрес што ја опфати македонската политичка сцена за време на септемвриските скандалозни случувања во собранието, Владата не смееше да дозволи да потрае застојот во реформите и да се доведе во прашање прогресот за ЕУ и НАТО интеграцијата. Покажувајќи одлучност, Владата не дозволи целокупната нејзина работа да стане заложник на партиските препукувања и нискиот степен на политичка култура, туку во името на националните интереси и основната цел зачленувањето на Република Македонија во НАТО, Владата прифати да направи отстапки кон опозицијата во врска со т.н. Мајски договор после дипломатските сигнали и препораките на преставниците на НАТО и прифати да попушти, иако сето тоа може да се одрази

негативно на партискиот рејтинг на ВМРО-ДПМНЕ пред својот електорат. Постигнатиот општ консензус за реформите кој дојде како резултат на покажаното лидерство на Владата за компромис и остапки ги отвори вратите за постигнување на сеопштиот внатрешен политички консензус во земјата којшто беше посочен од НАТО челниците како еден од основните услови за добивање на поканата за влез во НАТО.

Во ноемвриската средба на четирите лидери на најголемите партии, Владата прифати низа реформи за усвојување на 45 законски акти како обврска истакнувајќи притоа и определба за нивно имплементирање. Со тоа Владата покажа дека може да ги стави во примарна агенда на своето политичко дејствување државните интереси и владините примарни програмски цели кои се НАТО и ЕУ, пред партиските приоритети.

Со прифатениот компромис за реформски мерки и активности, како и со низата мерки и активности што Владата на Република Македонија ги презеде во претходниот период во борбата против организираниот криминал и безбедносните предизвици за дестабилизација на земјата значително се измени и политичкиот амбиент откако во претходните месеци се случи подобрување на сеопштата политичка клима и намалување на политичките тензии во земјата.

Во сите ресори продолжено е со активностите на веќе започнатите – тековни проекти, а исто така во овој период се започнати да се имплементираат и низа закони и законски акти кои што беа сугерирани од страна на НАТО како неопходен услов за внатрешна консолидација и демократизација, а кои беа дел од т.н. Мајски договор за понатамошни шанси на Македонија за во НАТО.

И покрај постигнатите реформи на Владата и донесените закони во овие сектори сеуште е рано да се зборува за одреден '*feedback*' од имплементацијата на законите.

Покрај имплементацијата посочените реформи и компромиси потребни за добивање на покана за НАТО во претстојниот самит во Букурешт, останува уште една сериозна бариера која го попречува патот на Република Македонија за членство во НАТО: спорот со името со Грција. И во оваа насока Владата во втората половина ноември се консолидираше во својата дипломатска офанзива за дипломатско

решавање и лобирање за остранување на бариерата со името за членство во НАТО.

Од друга страна, во текот на ноември Владата покажа и конкретни резултати и во двете полиња справувајќи се со безбедносната ситуација во својата територија: во борбата против организираниот криминал и безбедносните предизвици. Со акцијата во Бродец во сузбивањето на вооружената група, Владата на Република Македонија не дозволи да и се приредат некакви изненадувања или сценарија за дестабилизација на земјата, а со тоа ниту да се креира впечаток за неспособност за контрола на својата територијата и безбедноста во земјата.

Трендот на интензивна реализација на програмските активности на Владата на Република Македонија во областа на **фискалната и монетарната политика** продолжи и во периодот октомври-ноември 2007 година. Макроекономската стабилност во земјата беше задржена, проследена со бројни промени во економски амбиент, особено во доменот на фискалната политика. Претходно намалените даночни стапки, засилените финансиски контроли и спроведувањето на останатите административно технички и контролни активности на Управата за Јавни Приходи и на Управата за царини, условија остварување на значително поголем прилив на средства во централниот буџет од планираниот. Тоа создаде услови за либерализација на фискалната политика и за внесување на силни елементи што неа ја определуваат како развојна.

Она што може да се резимира досега за областа на **трговска, индустриска и инвестициска политика** дека проработи првиот сет на реформи на Владата на Република Македонија кој се фокусираше на: воведување низок и рамен данок; поедноставување и поевтинување на административните формалности; и намалување на корупцијата ги дава резултатите барем по рангирањето на Република Македонија на 4-то место на студијата за правење бизнис на Светска Банка. Владата се заложи и за поголем инвестициски циклус во инфраструктурата, прво во енергетиката и телекомуникациите, а во следната година се очекува и во патната инфраструктура.

По дефиниција, капитални проекти од ваков тип и во вакви сектори бараат големи финансиски средства, добро поставена законска рамка, изготвување на подзаконски акти, силни институции и независни регулаторни тела на кои Владата работи и кои се зацртани во програмата. Сепак, мора овде да се напомене дека луѓето се оние кои

спроведуваат политики, а особено битни се нивните вештини и знаења и професионалност.

Во трговската политика се одржа ЦЕФТА самит во Скопје. Во делот на индустриската политика и понатаму споро се одвиваат активностите од БЕРИС проектот на Светска Банка и институционалниот развој за индустриската политика.

Периодот од 01 Октомври- 01 Декември во секторите за **финансиски и пензиски систем** опфаќа низа настани кои се провлекуваат уште од претходните периоди на известување во однос на планирани активности и спроведени активност за реформите на Владата на Република Македонија. И во финансикиот и во пензискиот систем се доработуваа измени и дополнувања на веќе донесени закони кои повеќето чекаат на Собраниска процедура.

Владата на Република Македонија продолжи со совесна работа на спроведување на проектите од нејзината програма во областа **економија на знаење**. Беа направени повеќе чекори во доближувањето на информатичко-комуникациската технологија до граѓаните, се продолжи со компјутеризацијата на училиштата и се предвидоа повеќе пари за наука, развој и истражувања во предлог буџетот за 2008 година. Областите каде се забележани слабости се изработката на Националната стратегија за индустриска политика и капацитетот за администрирање на средствата за наука, развој и истражувања.

Во периодот октомври-ноември 2007 година активностите на **образовните власти** беа фокусирани на прашања во врска со започнатата учебна година во основните и средните училишта и со почетокот на академската година на универзитетите. Во тој контекст особено внимание и енергија привлекоа неколку прашања: најавите за штрајкови на наставниците во одделни општини поради доцнење на платите, штрајковите на дел од средношколците против полагање на државната матура, планирањето на учеството на образованието во Буџетот на РМ и други.

Паралелно со обидите да се справат со овие проблеми, образовните власти и Владата во целина пројавија исклучително силна инвестициона активност во сферата на инфраструтурата и комјутеризацијата во образованието - основното и високото. Дел од тие активности се од

мноштвото работи зацртани со Програмата во 100 чекори и програмата на Владата, а дел се новини кои се во согалсност со реформскиот дух на Програмата.

Покрај овие јавно препознати активности, образовните власти преземаа активности во функција на надоградување и напредок на претходно започнатите стратегиски важни проекти како што се продлабочувањето на децентрализацијата и воведувањето на деветолетката во основното образование, придвижувањето нанапред на повеќегодишните напори за воведување на државната матура во средното образование, компјутеризацијата во двете нивоа, подигањето на конкуренцијата во високото образование и сл.

Сепак, во сферата на високото образование сеуште не се направи клучниот чекор за донесување на Законот за високо образование кој, поради проблемите во функционирањето на Собранието на Република Македонија, и од други причини сеуште е во собраниска процедура.

И во овој двомесечен период најзапоставена сфера остана научното истражување. Конститутирани се соодветните тела (Совет за наука и определени се национални координатори) но, поради финансиски и институционални органичувања сеуште нема видливи чекори за побрзо интегрирање на македонската наука и високото образование во целина во европскиот високообразовен и истражувачки простор.

Во овој период од мониторингот на реформите на Владата на Република Македонија во областа на **спортот и физичката култура**, може да се забележи дека се одвиваат според предвидувањата. Македонска Влада останува и понатаму да биде резолутна во својата определба за да направи фундаментални работи во областа на спортот сфаќајќи го неговото големо значение, кои потоа ќе продуцираат значајни спортски резултати, не само во врвниот (професионален), туку и во масовниот (рекреативен) спорт. Најзначајната работа која се случи во овој период, е успешната реализација на мега проектот „Избор на национална спортска химна“, идеја која заслужува највисока оцена. Издадено е аудио ЦД со финалните 12 песни учеснички на изборот, во рекорден тираж за македонски прилики од преку 165 илјади примероци. Започнато е со преземање на мерки за регулирање на статусот на заслужните спортисти и наградување на спортските тренери, за првпат во македонската историја.

Изградбата на спортските сали, како и проектот за изградба на фудбалски игралишта се реализираат според предвидената динамика и веќе се надѕираат првичните резултати.

Во делот на **земјоделството** се забележани солидни резултати посебно во делот на земјоделството и земјоделската политика, и тоа од аспект на поттикнување на развојот на земјоделското производство и поддршката на извозот на земјоделските производи преку подготвка на стратегија за развој на земјоделството, регулирање на сопственоста на земјиштето, поголема и потранспарентна буџетска поддршка на земјоделството, создавање услови за поповолно кредитирање во земјоделството, како и подобрување на условите за производство на биохрана и на крај, подобрена инфраструктура во смисла на системи на наводнување и контрола од поплави.

Најзначаен акт донесен во овој период на известување е донесувањето на Законот за земјоделство и рурален развој. Тој е донесен на 16.11.2007, а стапува на сила од 01.01.2008 година. Со овој закон се уредуваат планирањето на развојот на земјоделството и руралниот развој, целите и мерките на земјоделската политика и политиката на рурален развој, државната помош, дополнителните дејности на семејното земјоделско стопанство, квалитетот, ознаките, прометот на земјоделските примарни и преработени производи, земјоделската и шумската механизација и опрема, форми на организирање во земјоделството, јавни услуги во земјоделството и земјоделскиот информативен систем.

Исполнувањето на зацртаните задачи за добивање на поканата за членство во НАТО и почеток на преговорите за членство во Европската унија е третирано суштински од страна на Владата на Република Македонија во областа на **надворешни работи.** Македонската Влада сериозно пристапува кон заокружување на процесот за добивање nа поканата за членство во НАТО и почеток на преговорите за членство во Европската унија. Билатералните контакти се исто така зачестени, што придонесува кон зацврстување на меѓународната положба и угледот на Македонија.

Реформите во **правосудството** продолжуваат да се во директна корелација со докомплетирањето на Судскиот совет на Република Македонија (во понатамошниот текст „Советот“) кој претставува основа

за реформите во судските органи и основа за зајакнување на судската независност како и една од основните реформи на Република Македонија на нејзиниот пат кон Евро – атлантските интеграции. Предвидениот рок за докомплетирање на Советот беше крајот на септември кој не беше запазен поради неусогласените ставови за преостанатите четири кандидати за членови на Советот помеѓу позицијата и опозицијата односно Владата на Република Макеонија и Претседателот Бранко Црвенковски.

Основа за реформите во сферата на **внатрешни работи** претставува Законот за полиција, кој започна да се применува на 11 ноември годинава. За неговата имплементација се изврши целосно редефинирање на постоечките и изработка на нови подзаконски акти кои произлегуваат од неговите одредби.

Борбата против организираниот криминалитет и корупцијата останува приоритет на МВР. Во прилог на борбата против корупцијата во референтниот период на 19.11.2007 е покрената акцијата „Змиско око“ која опфати истрага против поголем број на лица вработени во ЈП „Македонија пат“ кои во периодот од мај до спроведувањето на акцијата на неколку наплатни рампи во земјата извршиле злоупотреба на службената должност.

Законот за **здравствени** установи треба да се донесе до крајот на јануари 2008 год.; во тек се активностите за одобрување и потпишување на договор со прво-рангираниот консултант. Министерство за Здравство изработи прашалник и ќе спроведе истражување за проценка на задоволството на пациентите од услугите во Примарната Здравствена Заштита, со цел да се проценат ефектите од приватизацијата.

Спроведена е Програма за организациона теорија и развој на бизнис планови во 7 пилот здравствени институции во кои менаџерските тимови изработуваа бизнис планови на своите институции и предлог проекти за капитални инвестиции; усвоени се 4 предлог проекти.

Изработени се клучните документи за јавното здравство и направена е анализа на добрите и лошите страни од можните опции со осврт кон начинот на организацијата на овие служби во други земји.

Објавен е меѓународниот тендер за набавка на опрема за болниците во Република Македонија вреден 40 милиони евра; отварањето на понудите и изборот на најповолен(и) понудувачи се очекува да биде завршено во декември. Акцијата за превентивни бесплатни прегледи, како и бесплатните ПАП тестови за неосигурените жени продолжуваат и во октомври, а интересот на граѓаните е огромен. Проектот за единствена цена на лековите во целата земја е пролонгиран за декември; причина е незавршениот меѓународен тендер за набавка на лекови кој треба да даде комплетен увид во реалните цени на чинење на лековите.

Во најголемиот дел јавно-здравствени институции заврши или е во тек изборот на раководни органи; во тек е четвртиот курс за менаџери на здравствени институции. Во службата за итна медицинска помош и домашно лекување е инсталиран ГПС систем.

И во овој анализиран временски период од два месеци, во повеќе области ресорот **транспорт и врски** манифестирани се реформските активности и реализација на програмските цели на Владата. Во повеќето области во кои беа започнати некои проекти, продолжено е со нивна имплементација, некои веќе успешно се реализираа, а некои според планирањата очекуваат старт.

Во овој временски период во ресорот транспорт и врски се манифестира резолутниот став во борбата против корупцијата, а како најеклатанти примери ќе ги наведеме електронскта распределба на ЦЕМТ дозволите за превозниците, електронската распределба на социјални станови, напуштање на востановената пракса за продажба на државно земјиште „во четири очи“ и др.

Во анализираниов период, како најзначајни активности ќе ги потенцираме следниве: Проектот за санација на мостовите на автопатот М-1, на делницата од Катланово до Велес (успешно се заврши во неговата прва фаза); започна со градба третата сообраќајна лента на регионалниот пат Р – 106, делница: од Градско до Прилеп; донесени се измените и дополнувањата на Законот за јавни патишта; интензитетот на воведување новини во катастарот продолжува во континуитет, со воведување на услуги за корисниците по интернет.

# 1. Фискална и монетарна политика

## 1.1. Имплементираните активности во периодот на известувањето

### 1.1.1 Фискална политика

Главните активности на Владата на Република Македонија во периодот октомври-ноември 2007 година во доменот на фискалната политика беа насочени, главно во следните правци:

1) Релаксација (либерализација) фискалната политика и внесување забележливи елементи што не ја определуваат како развојна.

Намалените даночни стапки во претходниот период, засилени финансиски контроли и спроведувањето на останатите административно-технички и контролни активности на Управата за јавни приходи (УЈП) условија остарување на значително поголем прилив на средства во централниот буџет што во сегашната фаза од развојот на македонската економија, е непожелна и непријатно заканувачка појава. Поради тоа, Владата на Република Македонија презеде мерки и активности со кои се засилува трошењето на дел од приливот на средства за образовни, продуктивни и за социјални цели. Планирана е распределба на околу 40 мил. евра (2,5 милијарди денари) за разни намени, меѓу кои позначајни се следните:

- Издвоени се 2 милиони евра за купување на компјутери од страна на студентите апсолвенти на универзитетите во Република Македонија. За таа цел Владата на Република Македонија издаде 11.000 ваучери што им се поделени на тие студенти со цел да ги употребат за купување компјутери, кои пак ќе им помогнат во нивното информатичко едуцирање, но и за полесно совладување на наставните програми на факултетите;

- На Јавното сообраќајно претпијатие во Скопје му се одобрени 4,4 милиони евра за купување 45-50 модерни автобуси за потребите на градскиот сообраќај;

- 6 мил. евра се одвоени за изградба на северната трибина на Градскиот стадион во Скопје ;

- За реконструкција и модернизација на Зоолошката градина во Скопје се насочени 0,7 мил. евра ;

- Околу 1,2 мил. евра се издвоени за електрификација и изградба на индустриската зона во Битола ;

- 6 мил. евра се издвоени за поттикнување на самовработувањето на невработени лица што сакаат да почнат сопствен бизнис ;

- 3,3 мил. евра се наменети за доизградба на спортската сала "Борис Трајковски" ;
- 1 мил. евра за изградба на фекална канализација во Инџиково ;

- 0,75 мил. евра за потребите на изградба на Скопската обиколница ;

- 1,6 мил евра за изградба на напојната и компјутерска мрежа во училиштата во рамките на проектот " Компјутер за секое дете";

- Околу 5 мил. евра се издвоени за изградба на 600 социјални станови.

Таквите мерки ќе ја зголемат паричната понуда, а со тоа и вкупните инвестиции, понудата и потрошувачката на стоки и услуги во земјата, како и бројот на вработени во земјата.

2) Во анализираниот период продолжија засилените активности на УЈП во собирање на јавни приходи, кои главно се согледуваат во следното:

а) Канцеларијата за големи даночни обврзници ја промовира функцијата "Услуги на даночните обврзници преку брзо и ефикасно давање одговори на прашањата на даночните обврзници, го продолжи и подобри електронскиот систем на поднесување на даночни пријави (просечно околу 60% од поднесените даночни пријави во анализираниот период), ја подобри наплатата на даноците преку преземените

активности за наплата на “акумулираниот “даночен долг (8, 9 мил. денари во септември, односно 8.0 мил. денари во октомври) извршен избор на 45 нови големи даночни обврзници што ќе го имаат тој третман од 1 Јануари 2008 година и за прв пат започна да врши “ desk audit” (контрола од канцеларија) на големи даночни обврзници ;

б) Засилени непосредни контакти со даночните обврзници условија задржување на високиот процент ( 71,81% во октомври, односно 96,21% во ноември ) од барањата за враќање на ДДВ да се реализираат во законскиот рок до 30 дена;

в) Кампањата на УЈП за фискализација на даночните обврзници, дополнета со засилени контроли на примена на законот за готовински плаќања продолжи со несмалено темпо. Во периодот септември-октомври беа извршени 1.074 такви контроли, врз чија основа беа донесени 237 решенија за затворање на објекти поради неиздавање на фискална сметка при продажба на соодветниот производ или услуга;

г) Преземените мерки на УЈП условија натамошно засилено наплаќање на јавните давачки на правните лица и на граѓаните. Наплатените јавни приходи во октомври 2007 година изнесува 6,7 милијарди денари, што е за 41,63% повеќе од нивниот планиран износ за тој месец, а во ноември 2007 тие изнесуваа 5.1 милијарди денари, што е за 10,84% повеќе од нивниот планиран износ за тој месец од годината.

д) Заради натамошно административно зајакнување на УЈП и за зголемувањето на нејзината активност во остварувањето на даночните надлежности, подготвени се и во собраниска процедура се Законот за изменување и дополнуавње на Законот за даночна постапка и законот за изменување и дополнување на законот за УЈП, додека во владина процедура се предлозите на Законот за регистрирање на готовински плаќања и на Законот за персонален данок на доход.

3) Врз основа на предлогот на комисијата што го оценува исполувањето на законските критериуми за преминувањето на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) во втората фаза од фискалната децентрализација, покрај претходно позитивно оценети 42, уште 9 ЕЛС добија дозвола за влегување во втората фаза од тој процес. Останатите 34 општини и градот Скопје или не поднесоа барање за влегување во втората фаза од тој процес, или пак не ги исполнуваат во целост

потребните критериуми за влегување во втората фаза од фискалната децентрализација. Оценката на исполнување на критериумите и евентуално влегување на тие ЕЛС во втората фаза од тој процес ќе се врши во натамошниот период.

Ефективниот почеток на таа фаза од децентрализацијата започна на 1.10.2007 година. Од тој ден започна пренесувањето на фискалните надлежности од централната на локалните власти во врска со финансирање на платите, наемнините и на други надоместоци на вработените во државните училишта, јавни детски градинки, домови на културата и во други слични јавни локални установи, со средства од т.н. блок – дотации од централниот буџет. За непречено вршење на новопреземените активности околу трансферот на претходно наведените надлежности, Министерството за финансии изработи соодветни насоки, кои ги дистрибуира до општините, а одделни ресорни министерства подготвија методологии за утврдување на височината и за распределба на средствата од тој блок – дотации по одделни буџетски корисници.

Меѓутоа, самата реализација на тој процес наиде на сериозни тешкотии уште во самиот негов почеток, особено во делот на подготовката на плановите и на исплатата на платите и на другите надоместоци на вработените во училиштата за септември 2007 година. Основна причина за тоа беше неорганизираноста на Министерството за образование и на дел од општините што влегоа во втората фаза од процесот на фискалната децентрализација. Сепак слабостите, беа брзо надминати, на што укажува непреченото исплаќање на платите на вработените во училиштата за октомври 2007 година.

### 1.1.2 Монетарна политика

Во набљудуваниот период продолжи реализацијата на основните цели на монетарната политика :

а) Одржување ценовна стабилност

б) Зголемување на ефикасноста на банкарскиот систем преку засилување на банкарската супервизија

Главните карактеристики на монетарната политика во периодот октомври-ноември 2007 година беа следните :

- Стабилноста на цените беше задржана. Со примена на постојаната стратегија на "врзан" (за еврото) девизен курс на денарот и на останатите макроекономски фактори а без никаква измена на монетарните инструменти, стапката на инфлација во периодот јануари-ноември достигна до 1,9 % . Поголемиот дел од тој пораст се случи во текот анализираниот период од 2007 година, кога малопродажните цени се зголемија за 4,2 % на годишно ниво како резултат, пред се на зголемените цени на дел од прехрамбените производи ( земјоделски производи, масло за јадење, јајца, млеко, леб, брашно итн) и на цените на нафтата и нафтените деривати;

- Продолжи скромното намалување на активните каматни стапки на банките (каматни стапки на кредитите). Во октомври тие се сведоа на 10,0% годишно. Просечна каматна маргина на банките се задржа на истото ниво како и во претходниот период и изнесуваше 4,9 % ;

- Во набљудуваниот период продожи зголемувањето на бакарските кредити одобрени на населението за станбени потреби, што беше забележано во сиот претходен период од 2007 година. Најсилна причина за тоа се атрактивните каматни стапки по кои се одобруваат стамбените кредити (5,5% годишно) од страна на одредени банки во земјата;

- Во функција на зголемување на ефикасноста на банкарскиот систем и во согласност со новиот закон за банките, Народна банка на Република Македонија донесе повеќе оперативни одлуки, кои значат усогласување на нејзинат супервизорска акција со одредбите на новиот закон за банките и супервизорските стандарди Basle II , кои значат зголемување на сигурноста и на стабилноста на банкарскиот систем во земјата.

### 1. 2. Што останува да се имплементира ( што не е импементирано или не е доработено)

Програмските активности на Владата на Република Македонија во областите на фискалната и на монетарната политика се реализираат со планираната динамика. Дури оценка е дека, тие се реализираат со побрза динамика од планираната, што, како што е погоре напоменато, услови Владата на Република Македонија да утврдува и да презема други мерки и активности што ќе имаат дополнителен реформски импулс во доменот на макроекономската политика на земјата.

Меѓутоа потребата од меѓуресорско усогласување на ставовите околу содржината на одредени законски акти и други прописи и од нивното усогласување со ставовите со ММФ, како и застојот во работата на Собранието на Република Македонија поради меѓупартиски несогласувања за одредени политички прашања, услови дел од планираните активности да не се реализира во утврдените рокови. Овде првенствено се мисли на донесување на закони за: НБРМ, девизно работење и за УЈП, потоа царинскиот закон, Законот за изменување и дополнување на законот за даночната постапка и Законот за регистрирање на готовински плаќања. Тие и други закони што регулираат материја од областа на финансиите се подготвени и ставени во процедура за донесување и се очекува да бидат донесени во престојниот краткорочен период .

Една од позначајните, а нереализирани активности во утврдените рокови е одлагањето на усогласување на основиците за плаќање на придонесите за социјално осигурување и персонален доход. Тој процес е одложен за 2008 година и ќе се реализира во три фази почнувајќи од 1 Април 2008 година.

Во престојниот период (најдоцна до февруари 2008 година) останува да се подготват и донесат (од страна на советот на НБРМ) останатите одлуки со кои во целост ќе се заменат досега применуваните одлуки со кои се регулира супервизорското работење на НБРМ со нови, кои ќе бидат усогласени со барањата на новиот Закон за банки, и особено со барањата на супервизорските стандарди Basle I I .

### 1.3. Оценување на можни ризици од (не) имплементацијата на одредени постапки или од недоволно квалитетната имплементација

Наспроти очигледните позитивни ефекти што досега преземените мерки и активности на Владата на Република Македонија ги имаат врз економијата на земјата, во практиката се појавуваат одредени ризици што може да го загрозат остварувањето на програмираните цели. Тие главно се согледуваат во следното :

а) Приливот на средства од јавните приходи е се поголем, што ги засили, веќе појавените тенденции на остварување на суфицит во централниот буџет. Уште повеќе, таквите тенденции ја наметнаа потребата по трет пат во годината да се врши ребаланс на буџетот на Република Македонија за 2007 година со цел да се утврдат нови намени за трошење на повеќе собраните средства.

Појавата на суфицит во централниот буџет на сегашното ниво на развој на земјата е непожелна и непријатно заканувачка. Тоа би значело " Исцицување " на ликвидноста од стопанството, намалување на паричната понуда, намалување на инвестициите, намалување на потрошувачката а со тоа и на БДП, зголемување на невработеноста, и најпосле остварување на дефлација со сите негативности што таа може да ги има на сегашното ниво на економски развој на земјата. За да не се случи тоа властите треба да продожат со активности , што се слични на претходно преземените, кои ќе водат во обратен правец: кон засилено трошење на соодветен дел од централниот буџет за продуктивни цели;

б) И покрај зголемувањето на цените на одредени производи (нафта, бензин, леб, брашно, масло за јадење, млеко итн) одржувањето општа ценовна стабилност како програмска цел на Владата на Република Македонија , се остварува беспрекорно. Меѓутоа тоа се реализира со спроведување режим на фиксен девизен курс на денарот, како интермедијарна цел на монетарната политика. Тоа е една од главните причини за создавање висок надворешно-трговски дефицит, кој заклучно со 31 октомври достигна до 1.371 мил. долари, што има силно ограничувачко влијание врз остварување на позначајни стапки на пораст на БДП ;

в) Сериозен ризик во остварувањето на програмските активности на Владата на Република Македонија, и натаму, претставуваат високите цени на енергенсите (нафтата и електричната енергија од увоз). Тоа се ризици за кои Владата на Република Македонија треба во престојниот период да наоѓа решенија како да се намалат (ако, веќе, не можат да се елиминираат), како не би се загрозило остварувањето на планираните поинтензивни придвижувања во економијата во текот на 2008 година;

г) Процесот на фискалната децентрализација во Република Македонија започна. Уште во самиот негов почеток се појавија одредени организациски и персонални проблеми, кои, ако се сака процесот да тече непречено, треба целосно да се елиминираат.

Во меѓувреме, надлежните треба да го решат главниот проблем што се појавува на патот на тој процес: Како фискалната децентрализација да биде конзистентна со финансисктата консолидација на општините? со други зборови, општините, во просек треба да бидат доволно силно финансиски оспособени за да покажат дека се поспособни од централната власт во задоволувањето на локалните потреби. Меѓутоа во моментот постојат бројни хоризонтални и вертикални фискални диспаритети меѓу општините, кои можат во иднина да се претворат во главна кочница на заокружување на процесот на фискална децентрализација во Република Македонија.

## 1.4. Општа експертска оценка за периодот на известување

Планираните мерки и активности во областа на монетарната и фискалната политика во текот на извештајниот период во целост беа реализирани. Уште повеќе, во тој период Владата на Република Македонија донесе одредени мерки што не беа планирани, но кои што беа условени од актуелните економски состојби и движења во земјата, а осбобено во доменот на фискалната политика и кои што ќе водат кон натамошно унапредување на полето за дејствување на економските субјекти .

Со тие мерки и активности значително се измени економскиот амбиент во земјата. Тоа, впрочем, на многу илустративен начин пред светот го презентира Светската банка во својот извештај за “ Правење Бизнис “ во кој РМ е рангирана на 75 место во светот (за 21 место

подобро во рангирањето во 2006 година) според воспоставените услови за работење на стопанските субјекти.

Нема дилеми дека спроведените мерки и активности ќе условат зголемување на БДП во 2007 година за околу 5 – 5,5 %. На тој пат Владата на Република Македонија РМ ќе се соочи со бројни ризици што таа, со свои дополнителни активности, треба да ги одстранува. Во тој поглед, најсериозна опасност може да претставува засилен прилив на средства во централниот буџет, и создавање буџетски суфицит, што во сегашната фаза од развојот на македонската економија може да добие квалификација со негативен предзнак.

# 2. Трговска, индустриска и инвестициска политика

## 2.1. Имплементираните активности во периодот на известувањето

Отпочната е имплементација на Програмата за поттикнување на инвестициите во Република Македонија за периодот 2007-2010. На овој начин од условно речено подготвителниот дел на изработка на стратегии и документи се почнува со преоѓање кон оперативно реализирање и имплементација како на пример програмската матрица на програмата за поттикнување на инвестициите. Во таа насока се охрабрува Владата редовно да го следи имплементирањето и исполнувањето на роковите во програмската матрица.

Одржан е самит на ЦЕФТА во Скопје, а Босна и Херцеговина ја потпиша ЦЕФТА. Владата ги зголемува субвенциите за земјоделски производи. Во делот на нетарифните бариери Институтит за акредитација е примен во Европската акредитација на 20-ти ноември 2007 година.

Во делот на стратешките документи формирано е координативно тело кое ќе ги сумира остварените мерки на имплементација во сите институции опфатени со програмата и се очекува изработката на извештајот од ова тело. Исто така донесени се измени и дополнувања на Законот за технолошко индустриски развојни зони заради усогласување со ЕУ регулативите. Донесена е и Предпристапна економска програма ПЕП 2008 – 2010.

Во делот на изработка на индустриска политика и практично спроведување БЕРИС проектот на Светска Банка како да има одредено забавување на активностите. Студија за мерење на индикатори за конкурентност на македонската индустрија/економија наместо до крајот на 2007 година се планира за во првиот квартал на 2008, а изработката на стратегијата за индустриска политика во средината на 2008. Позитивен чекор е изборот на консултант за изработка на стратегијата.

Од секторските активности избран е консултант за изработка на Акционен План за донесување на мерки за реструктуирање на текстилната индустрија кон постепено напуштање на лон-работењето и

зголемување на производство на производи со бренд и натамошен економски раст на оваа индустрија. Се чини дека кластерот како инструмент за зголемување на конкуренцијата на македонската економија добива на интерес од самите компании. Особен успех е кластерот за вино кој учествуваше и обезбеди ЕУ средства по нивна доставена апликација за проекти. Исто така, на 5-ти декември е одржана регионална конференција за кластерско регионално поврзување на иницијатива на Министерството за економија во Скопје на која чествуваа четири држави од регионот.

Донесена е и презентирана и стратегијата за туризам.

Во делот на намалување на трансакционите трошоци, Секторот за економска политика и регулаторни реформи ја заврши втората фаза од регулаторната гиљотина и до крајот на годината се очекува Владата да воспостави Единствена електронска евиденција на прописи-ЕЕЕП по предлог на Секторот (иако беше најавен за септември). Се очекува и до крајот на 2007 да се донесе оценка на влијанието на регулативата RIA.

Во делот на подобрување на инвестиционата клима формирано е координативно тело за Општествена Одговорност на Претпријатијата – ООП во рамките на економско социјалниот совет согласно Акцониот План од програмата за поттикнување на инвстиците од 2007 – 2010. Активностите на ова тело треба да завршат до мај 2008 година. Пет економски промотори се очекува да бидат пратени во странство до крајот на годината.

Во делот на Малите и средни претпријатија иновативниот релеен центар се финансира делумно од ЕК и делумно преку програма за мали и средни претпријатија на Република Македонија. Со него ќе управува конзорциум составен од Ректоратот на Универзитетот Кирил и Методиј, Стопанската Комора, АППРМ и други институции. Ова е интересен начин на организирање на работата каде се очекува зголемување на сопственоста и одговорноста на владата наспроти донаторите бидејќи дел од средствата се вложени од буџетот на Република Македонија, а менаџирањето е оставено на “корисниците” (комората, универзитетот).

АППРМ продолжува со ваучерскиот систем и со активната програма за вработување. Избрани се 500 бизнис планови за чија реализација претприемачите ќе добијат по 2000 евра во соработка со Агенцијата за вработување. Во тек е подготовка на конференција за можностите за користење на ЦИП програмата.

Преку програмата за подобрување на конкурентноста на производите и услугите се одобрени средства на 34 фирми за ИСО сертификација и за ХАСАП. Одобрени се и средства за промотивни материјали, за идејно решение за дизајн на производ.

Во процедура е одобрување на средства за интернет конекција, оценка на барања и нивно одобрување.

Во делот на поттикнување на иновациите Македонија во 2007 година стана членка на програмата ЕУРЕКА со што се создадени услови за учество на стопански субјекти во апликативно/иновациски проекти во соработка со земји членки на ЕУРЕКА.

Позитивно е што по СЕФ Македонија се рангира во групата земји чија конкурентност на економијата е придвижувана од зајакнувачите на ефикасност наспроти минатогодишното рангирање во група на земји кои конкурираат со основните предуслови. За поздравување се и иницијативите за ваучери за компјутери за студентите и кампањата за зголемување на свесноста за вредноста на знаењето.

### 2.2. Што останува да се имплементира (што не е имплементирано или не е доработено)

Во насока на документите кои ги донесуваат министерствата од особено значење е да тие бидат достапни на сите заинтересирани (Интернет) дури и во драфт верзија. Не би требало да претставува потешкотија последната верзија од соодветниот документ да биде секогаш достапен на крајот на денот на соодветната веб страница.

Останува да се очекува *ex post* евалуација од имплементација на акционите планови од програмите.

Се очекува бизнисите да ја превземат улогата на иницијатори и креирање и функционирање на и во пазарите во рамките на она што

Владата ќе го обезбеди како правила на игра. Во оваа насока за поздравување е успехот на кластерот за вино кои успеале да се изборат за ЕУ средства за свои проекти.

За ефикасна пазарна економија од особено значење е намалување на нивото на корупција и бирократизираност и се очекува натамошна борба против овие зла.

### 2.3. Оценување на можни ризици од (не) имплементацијата на одредени постапки или од недоволно квалитетната имплементација

Партнерскиот однос кон бизнис заедницата и граѓаните и понатаму треба да се гради.

Треба да се зајакне мониторингот и евалуацијата на буџетското извршување со индикатори по резултати (outcome performance and performance budgeting).

Од особено значење за успехот на програмата на Владата е капацитетот на администрацијата за спроведување на зацртаните активности и за спроведување на реформите. Овде пред се е потребна политичка волја и инволвираност на поширок политички фронт т.е. и на позицијата и на опозицијата. За таа цел е потребно Заменик премиерот за економски прашања и Агенцијата за државни службеници да формираат работна група во која ќе бидат вклучени и експерти од опозицијата за спроведување на реформи на администрацијата.

Реформите на администрацијата треба да бидат сопственост и водени од Владата, а не од странски проекти. Целта на оваа реформа не е намалување на бројот на вработени и/или учеството на плати и придонеси во централниот буџет или етникумот туку резултатите од работењето на администрацијата, задоволноста на граѓаните, трансакционите трошоци за бизнисите и профункционирање на мерит системот.

Треба да се следи влијанието од зголемувањето на платите на администрацијата и да се види што се постигнало со таа мерка, а особено во делот на поефикасно работење.

## 2.4. Општа еспертска оценка за периодот на известувањето

Оценка е дека Владата од условно речено подготвителниот дел на изработка на стратегии и документи преоѓа кон оперативно реализирање и имплементација преку изработените акциони планови во кои е прецизно утврдено одговорноста и крајните рокови. Во идниот период се очекува поголема иницијативност од бизнисите и граѓаните како одговор на поттикувањата од страна на Владата на Република Македонија преку буџетот.

# 3. Финансиски и пензиски систем

## 3.1. `Имплементирани активности во периодот на известувањето

### 3.1.1. Пензиски систем

На седница на Владата на Република Македонија одржана на 2 Октомври 2007 година усвоен е Предлог за донесување на Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување со Предлог на Закон. Законот се наоѓа во собраниска процедура на дневен ред на 78 Седница на Собранието на Република Македонија.

Примарна цел на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување во Република Македонија е следнава- Со регулирање на доброволно пензиско осигурување се воспоставува и законска рамка за организирање професионални пензиски шеми и усогласување со европските текови. Со тоа се прифаќаат и причините на директивата на Европскиот парламент од оваа област во која се наведува дека бидејќи системите за социјално осигурување се под притисок, кој постојано се зголемува, професионалните пензии во иднина сè повеќе и повеќе ќе имаат улога на дополнување. Од тие причини треба да се развијат професионалните пензии без да се поставува прашањето за важноста на пензиските системи за социјално осигурување во смисла на сигурно, трајно и ефекасно социјално осигурување, кое треба да гарантира пристоен животен стандард во старост и затоа треба да биде во самата суштина на целта за зајакнување на европскиот социјален модел.

На состаноците одржани со г-ѓа Тамар Мануелѕан Атинц директор на Секторот за развој на човечки ресурси за Европа и Централна Азија во Светската Банка во Вашингтон и директорот на канцеларијата на Светска Банка во Република Македонија г-дин Маркус Репник, Министерството за труд и социјална политика го презентирале искористувањето на средствата од заемот на Светска Банка за проектот за имплементација на социјалната заштита - СПИЛ проектот, односно прогресот на реформите во пензискиот систем и социјалната заштита. Исто така било дискутирано и за проектот за условени парични трансфери кои со подршка на Светската Банка се планира да отпочне да се реализира од средината на 2008 година, односно за сегашната

реализација на Јапонскиот грант кој е во функција на имплементација на овој проект.

#### 3.1.2. Финансиски систем

Периодот за известување 1-ви Октомври-1-ви Декември се смета за премногу краток период за имплементација на некои од претходно зацртаните цели и затоа истите останувaат да се имплентираат во наредниот период на известување.

### 3.2. Што останува да се имплементира (што не е имплементирано или не е доработено)

Во сферата на финансискиот систем останува да се имплементираат следниве активности:

- Закон за измена на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација е доставен до Собранието на Република Македонија. Носењето на овој Закон е со цел да се продолжи рокот за издавање на обврзници за денационализација од 6 на 8 години со цел процесот на денационализација да може да се приведе до крај, односно со предложените измени се овозможува да се извршат две дополнителни емисии на обврзници за денационализација.

- Изготвен е Закон за ревизија кој е во собраниска процедура и кој се усогласува со Законот за прекршоци.

- Изготвен е Законот за Народна банка на Република Македонија и доставен е до Секретаријатот за законодавство за усогласување. Измените кои се прават во Законот се насочени кон усогласување на законот со статутот на ЕСЦБ и протоколот на ЕСЦБ[1] и ЕЦБ[2] во насока на дефинирање на функциите, овластувањата и самостојноста на Народна банка на Република Македонија.

- Законот за измени и дополнување на Законот за хартии од вредност е во Собраниска процедура. Со овој Закон на банките

[1] ЕСЦБ-Европски систем на банки
[2] ЕЦБ- Европска централна банка

и брокерските куќи им се дава можност за спроведување на уште една дополнителна активност за своите клиенти, а тоа е чување на хартии од вредност што вклучува отварање и водење на сметки на хартии од вредност за клиенти во депозитар и други услуги со хартии од вредност по налог на клиентот (исплата на дивиденда и/или камата, известување за собрание на акционери и сл.). Во Законот исто така се направени и измени во однос на Комисијата за хартии од вредност со цел јакнење на нејзината позиција како супервизорски орган на пазарот на капитал. Направена е целосна професионализација на комисионерите и се воведуваат критериуми за утврдување на висината на надоместоците кои ќе ги наплаќа Комисијата за хартии од вредност.

- Новиот Закон за инвестициски фондови е доставен до Владата на Република Македонија. Законот подетално го регулира основањето и работењето на друштвата за управување со инвестициски фондови и дава можност странски друштва за управување со инвестициски фондови да отвараат свои подружници по претходна согласност од Комисијата за хартии од вредност. Со одредбите од овој Закон се регулира и предметот на работење на инвестициските фондови како и ограничувањето на нивните вложувања со цел да се намали ризикот од евентуални загуби од премногу ризични инвестирања со што би биле загрозени интересите на голем број на инвеститори во фондот. Подготовката на новиот Закон за инвестициски фондови беше во насока на имплементирање на Директивите на Европската Унија кои се однесуваат на друштвата за колективно инвестирање во преносливи хартии од вредност. Овој Закон треба да го олесни и поттикне основањето на првите инвестициски фондови во Република Македонија кои ќе придонесат за придвижување на економијата на Република Македонија преку вложувањето на прибраните парични средства во хартии од вредност со кој се тргува на Македонската берза.

- Изготвен е Закон за измени и дополнување на Законот за супервизија на осигурување и е доставен до Владата на Република Македонија. Носењето на овој закон е од причина што беше потребно усогласување на законот за супервизија на осигурување со третиот сет на предлози од регулаторната гилотина.

Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување со Предлог на Закон и Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување со Предлог на Закон сеуште се наоѓаат во собраниска процедура (на 65 и 76 седница на Собрание на РМ).Се очекува Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување со Предлог на Закон да се донесе до крајот на декември.

Скорешното имплементирање на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување (трет столб), наметнува потреба од промовирање на овој систем со цел привлекување на потенцијални основачи на пензиски друштва, покрај домашни и на странски финансиски институции.

Како поддршка на овие промотивни активности од големо значење ќе биде и вклучувањето на владини претставници од релевантни ресори а особено од :

- Министерство за економија;
- Агенција за странски инвестиции;
- Министерство за финансии;
- Минитерство за надворешни работи и економските аташеа во амбасадите на Република Македонија во странство;
- Кабинетите на Министрите без ресор задолжени за привлекување странски инвестиции.

Акционен план за промоција на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување (трет столб)

| Ред. број | место и настан | време на реализација |
|---|---|---|
| 1. | Р.Хрватска, Загреб<br>Презентација пред Здружението на хрватските пензиски друштва кои управуваат со пензиски фондови во соработка со ХАНФА (супервизорско тело) | Прва недела од ноември |
| 2. | Р.Бугарија, Софија<br>Презентација пред здружение на пензиските друштва кои управуваат со пензиски фондови во соработка со КФН (супервизорско тело) и Министерство за труд | Втора недела од ноември |
| 3. | Р.Словенија, Љубљана<br>Презентација пред Здруженијата на пензиските друштва кои управуваат со пензиски фондови и пред осигурителни компании во соработка со македонската амбасада во Љубљана | Трета недела од ноември |
| 4. | Р.Србија, Белград<br>Презентација пред здружение на пензиските друштва кои управуваат со пензиски фондови и пред осигурителни компании во соработка со македонската амбасада во Белград | Четврта недела од ноември |
| 5. | Австрија, македонска амбасада во Виена Презентација пред Раиффеисен, Ерсте, Грање-Њиенер и други осигурителни компании во соработка со МНР и економското аташе во Австрија | Прва недела на декември |
| 6. | Германија, македонска амбасада во Берлин Презентација пред осигурителните компании во соработка со МНР и економското аташе | Втора недела на декември |
| 7. | Холандија, македонска амбасада во Амстердам и Презентација пред пензиските и осигурителните компании и во Народна банка на Холандија во соработка со МНР и економското аташе | Трета недела од декември |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Р.Македонија, Скопје, Министерство за труд и социјална политика Презентација пред странските амбасади (Холандија, Германија, Австрија, Швајцарија…) | Втора половина на ноември |
| 9. | Р.Македонија, Скопје Промотивна конференција од меѓународен карактер во соработка со УСАИД БЕА проект или СИСП проектот на Совет на Европа | прва половина на декември |
| 10. | Агенција за странски инвестиции: да вклучи информација и за пензиските фондови | континуирано |
| 11. | Министерство за надворешни работи, Министерство за економија и Министерство за финансии: да вклучат и информација за пензиските фондови во своите контакти од меѓународен карактер | континуирано |
| 12. | Кабинетите на министрите без ресори за привлекување на странски инветиции | континуирано |
| 13. | Владини функционери: во меѓународните контакти да вклучат информација и за пензиските фондови | континуирано |

Согласно заклучокот на Владата на РМ бр.19-5936/1 од 2.10.2007 година Министерството за труд и социјална политика подготви Акционен план за промовирање на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување, во земјата и странство со вклучување на надлежни владини институции.

Во оваа насока Министерството за труд и социјална политика како креатор на пензиската политика а во рамките на СПИЛ проектот ќе спроведе јавна кампања во почетокот на декември 2007 година и во текот на 2008 година. Ова вклучува интензивни промотивни активности во земјата како и едукација на јавноста заради нејзино запознавање со карактеристиките, можностите и правата од ова пензиско осигурување. Истовремено, Министерството за труд и социјална политика во своите редовни активности посебно внимание ќе посвети на презентирањето на третиот столб и надвор од земјата објаснувајќи ги условите за основање на пензиски друштва и управување со пензиски

фондови и други значајни содржини од законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

Од 1 април 2008 година Фондот на ПИОМ[3] ќе ги собира, контролира и распределува социјалните придонеси до останатите фондови, по електронски пат за секој осигуреник поединечно. Претходно, од 1 јули 2007 година придонесот за здравствено осигурување започна да се пресметува на ист начин како и останатите социјални придонеси на најниска основица од 50% од просечната плата а од 1јули 2008 година на 65% од просечната месечна нето плата.

Од август 2007 година во собраниска процедура се измените и дополнувањата на законот за пензиско и инвалидско осигурување во кои меѓудругото се дава правна можност на пензискиот фонд да ги собира сите социјални придонеси. Усогласувањето на Законот за здравствено осигурување и Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност се во владина процедура. Во однос на реформите во делот на социјалната заштита се истакна дека е во тек донесувањето на новиот Закон за социјална заштита и социјална сигурност во кој е предложен реформиран нов систем на социјална заштита кој ќе биде во функција на намалување на сиромаштијата.

### 3.3. Оценување на можни ризици од (не) имплеметацијата на одредени постапки или од недоволно квалитетната имплементација

Недоволна квалитетна имплементација се провлекува и во финансискиот и во пензискиот систем. За краток временски период се прават измени и дополнувања на веќе донесени закони, што од друга страна претставува важен чекор за поставување на совршена рамка за добро функционирање на двата система.

### 3.4. Општа експертска оценка за периодот на известување

Македонскиот финансиски систем генерално држи стабилен чекор на пораст, но истата динамика не е застапена во сите сектори. Финансискиот пазар во Македонија сеуште го креираат банките, Македонската берза, брокерските друштва, штедилниците, осигурителните компании како и лизинг-претпријатијата. Банките го имаат приматот

[3] Пензиско инвалидско осигурување на Република Македонија

на пазарот, на што покажуваат последните анализи од Народна банка. Каматните стапки уште се многу високи, но забележан е виден пораст на штедењето и кредитирањето. Со појавувањето на инвестициските фондови сеуште се чека на заживување на пазарот на капитал, а информираноста за истите е на многу ниско ниво.

Чекорите кои ги превзема Владата со неговите сектори во деловите за пензискиот систем се очигледни. Донесувањето на закон ќе овозможи развој на доброволно пензиско осигурување врз основа на соодветна легислатива и вклучување на добра супервизија и контрола. Доброволното пензиско осигурување овозможува опфат на голема група лица од населението на Македонија. Тоа овозможува дополнително штедење за старост. Со регулирање на доброволно пензиско осигурување се воспоставува и законска рамка за организирање професионални пензиски шеми и усогласување со европските текови. Со тоа се прифаќаат и причините на директивите на Европскиот парламент од оваа област во кои се наведува дека бидејќи системите за социјално осигурување се под притисок, кој постојано се зголемува, професионалните пензии во иднина сè повеќе и повеќе ќе имаат улога на дополнување.

Оценките од страна на странските претставници од Светска Банка за реформите во пензискиот систем се дека овие реформи се една од најуспешните реформи спроведени во оваа земја како и во поширокиот регион.

Во служба на подобра промоција и привлекување на странски фондови за третиот столб пензиско осигурување позитивна е кампањата на Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за супервизија на капиталното финансирано пензиско осигурување кои подготвуваат промотивен материјал (road show) кој ќе содржи значајни информации за концептот на третиот столб и неговата имплементација.

Прогресот во реформите во пензискиот систем оди во нагорна линија со што трите фонда во август 2007 година потпишаа договор за соработка врз основа на кој ќе се надоградува софтверот за електронска наплата на придонесите и ќе се разменуваат податоците.

За изработката на сите овие извештаи голем придонес имаат тимовите на финансикиот и пензискиот систем на Р. Македонија, а како дел од реформите на Владата, нивната транспрентност и ажурност се на многу високо ниво.

# 4. Економија на знаење

## 4.1. Имплементираните активности во периодот на известувањето

Во Програмата за работата на Владата 2006-2010 може да се идентификуваат повеќе активности коишто се во функција на поддршка на адаптирањето на Република Македонија на новата економија на знаење. Следниве може да се сметаат за имплементирани или во процес на имплементација:

а) Основање на Министерство за информатичко општество
б) Времено користење на интернет
в) Масовни обуки за работа со компјутери
г) Целосна компјутеризација на училиштата
д) Промоција на безготовинско плаќање, е-бизнис и е-Влада
е) Безжични инсталации за интернет на територијата на државата

Во месеците октомври и ноември 2007 се случија повеќе работи кои одат во прилог на имплементирање на горенаведените политики и мерки. Прогресот во оваа област може да се идентификува како добар.

Целта „Основање на Министерството за информатичко општество", може да се смета за постигната, со оглед на тоа што постои министер во Владата кој е посветен исклучиво на таа проблематика и успешно функционира со неговиот кабинет. Владата најави и основање на Секретаријат за информатичка технологија.

Во поглед на временото користење на интернет, Програмата за обезбедување на услови за времено користење на интернет продолжи. На почетокот на месец октомври беа отворени интернет клубови во Гевгелија и Крива Паланка. Следниот планиран за отворање е во Кочани. Ако активноста се покаже како успешна, Владата планира нејзино интензивирање во следната година.

Во правец на остварувањето на целта за зголемување на користењето на компјутерите и нивна популаризација, Владата спроведе акција за доделување ваучери на сите апсолвенти во вредност до

12.300 денари за купување на компјутери. Ова може да се оцени како одлична иницијатива која треба да продолжи и во иднина. Ако се земе предвид дека цените на компјутерите во Македонија се намалени како резултат на намалувањето на ДДВ од 18% на 5%, и доделени се 125 стипендии на студенти по информатика, тогаш може да се оцени дека Владата успешно работи на доближување на информатичката технологија до граѓаните и популаризирањето на нејзината употреба.

Компјутеризацијата на училиштата продолжи според предвидената динамика усогласена со имплементаторот „Хаиер", а позначајни проблеми не беа забележани.

Во поглед на промоцијата на безготовинско плаќање, е-бизнис и е-Влада, Владата во периодот октомври - ноември 2007 презема повеќе активности:

- Забрзување на активностите на изработката на националниот регистер на прописи, дозволи, лиценци и одобренија. Овој регистер се работи во соработка помеѓу Секторот за економска политика и регулаторна реформа при Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и УСАИД. Се планира да биде целосно оперативен најдоцна кон средината на 2008 година.
- Успешно спроведување на употребата на електронската апликација за поделба на транспортни дозволи по електронски пат од страна на Министерството за транспорт и врски по втор пат.
- Отпочнување на имплементацијата на стратегијата за информатичко-комуникациска технологија за правосудството 2007-2010 година.
- Донесување на нов Закон за електронска трговија. Законот беше донесен по итна постапка, како еден од битните закони за ЕУ интеграцијата, иако многу експерти од областа имаат резерви околу неговата применливост во пракса. Заради ова, можно е Законот да трпи измени во иднина.

Во периодот октомври – ноември не беа забележани поинтензивни активности во поглед на поставувањето на безжични инсталации за интернет на територијата на државата.

Доста позитивен настан во периодот октомври - ноември беше приклучувањето на Република Македонија кон Програмата за конкуренција и иновации на Европската унија. Македонија и Хрватска се првите земји кои не се членки на Европската унија, а се приклучени кон оваа Програма. Иако првично користа од оваа програма ќе биде мала, таа може да отвори битни перспективи за поголем број технолошко интензивни фирми во Република Македонија.

### 4.2. Што останува да се имплементира (што не е имплементирано или не е доработено)

Активностите коишто ќе треба да се имплементираат во следниот период од мандатот на Владата се следниве:

- Зголемување на буџетските средства за наука, развој и истражувања
- Подобрување на протокот на знаење меѓу универзитетите и приватниот сектор
- Основање на Центар за менаџерско образование
- Воведување на „Образование низ целиот живот“

Предлог буџетот за 2008 година предвидува зголемување на средствата за наука развој и истражувања. Главниот проблем во оваа област е недостатокот на капацитет во Министерството за образование и наука, поточно делот за наука за администрирање на зголемените средства.

Недостатокот на активности во другите области се должи на тоа што имплементацијата на активностите од овие области е подолгорочна активност. На овие области ќе треба да им се посвети повеќе внимание во иднина.

До крајот на годината ќе треба да се видат и конкретните контури на програмите за воведување на „Образование низ целиот живот“ и за масовна обука на населението за користење на компјутери.

### 4.3. Оценување на можни ризици од (не) имплементацијата на одредени постапки или од недоволно квалитетната имплементација

Останува потребата за спроведување на кампања насочена на фирмите, научно-образовните институции, здруженијата на граѓани и самите граѓани со која ќе се информираат за можностите кои ги нуди седмата рамковна програма на ЕУ за истражување, како и за процедурите за аплицирање за финансирање во рамките на оваа програма. Со оглед на тоа што исклучително битно за успешно користење на средствата од оваа програма ќе биде соработката со институциите, фирмите и асоцијациите од земјите членки на ЕУ и другите земји кандидати, потребна е поддршка за остварување на оваа соработка од страна на државните институции.

Во иднина ќе биде неопходно поинтензивно да се работи на подобрување на протокот на знаење меѓу универзитетите и приватниот сектор и на основање на центарот за менаџерско образование.

### 4.4. Општа експертска оценка за периодот на известување

Владата продолжува со интензивна работа на имплементацијата на деловите од Програмата на Владата 2006-2010 кои се однесуваат на областа „економија на знаење“. Може да се каже дека активностите коишто се предвидени и можеа да се имплементираат во рок од една до една и пол година се во ек на имплементација. Она што следи во иднина е имплементацијата на проектите кои ќе бараат и административна реформа и сериозен инпут од државната администрација. За успешно спроведување на овие проекти, Владата ќе мора да работи на изградување на капацитетот на администрацијата и нејзино мотивирање за вклучување во напорите за адаптација на македонското стопанство кон современата економија на знаење.

# 5. Образование

## 5.1. Имплеменираните активности во периодот на известувањето

Анализираниот период е специфичен. Во него традиционално се згуснуваат некои образовни активности, поради почетокот на учебната година во основното и средното образование и почетокот на академската година во високото образование.

На ниво на основното образование главен предизвик беше продолжувањето на активностите во врска со почетокот на деветтолетката, воведувањето на англискиот јазик во првото одделение и други. Овој сложен процес беше започнат и се продолжи усшешно, без јавно видливи проблеми. Вреди да се истакне дека во овој период се почуствуваа некои позитивни ефекти од договорното вработување на околу седумстотини наставници (околу 500 во основните и 200 во средните училишта) во претходниот месец.

На ниво на средното образование, и во овој период, особено во првиот месец, главното внимание беше насочено кон надминување на проблемот со демонстрациите на средношколците од завршната - четврта година на средното образование поради полагањето на државната матура. На почетокот на овој период образовните власти беа соочени со прилично високо подигнат бран на демонстрации започнати во претходниот месец. Но, на крајот од овој период демонстрациите не само што стивнаа и сосема прекинаа туку, спротивно од најавите, интерес за полагање на пробна државна матура пројавија огромен број средношколци. Тоа говори за квалитетно менаџирање на проблемот.

Слични позитивни процеси беа отворени и во високото образование. За ова најзаслужна е одлуката на Владата на Република Македонија на секој апсолвент да му додели вредносен ваучер од двеста евра за наменско купување на комјутер. Доделени се 10.000 ваучери што има не само образовни импликации туку многу позитивно влијание врз раздвижувањето на пазарот на информатичката технологија во земјата. Благодарение на акцијата, двата милиони евра кои за оваа намена ги издвои Владата, во овој сектор од економијата мобилизираа и дополнителни средства кои студентите и нивните родители ги

додаваа за набавка на поквалитетни компјутери. Како јавен настан, беше и сеуште е интересно да се набљудува како во продавниците со информатичка технологија влегуваат заинтересирани родители кои иако поради генерациски причини често недоволно упатени во комјутеристиката се интересираат како може да помогнат околу набавката на владиниот компјутер за своето дете. Во целина овој чекор предизвика многу позитивни реакции, но исто така создаде очекувања и кај генерацијата студенти која апсолвира во наредната година.

Во врска со плановите за подигање на информатичкото образование и пошироко за изградба на Македонија како информатичко општество, внимание заслужува успешното завршување на конкурсот за стипендирање на 125 студенти по информатика.

*Во поглед на законските иницијативи* во овој период не беа регистриани посебни активности. Во Собранието на Република Македонија не се придвижи постапката за донесување на Законот за високо образование. Ова негативно се одразува на остварувањето на делот од зацртаните активности од Програмата во 100 чекори кои се однесуваа на високото образование - неговата интеграција во европскиот образовен и истражувачки простор.

*Во областа на инвестициите и новитетите во образованието* покрај погоре споменатата инвестиција од два милиони евра доделени во форма на вредносни ваучери за студентите во завршните години, Владата, односно директно Премиерот  јавно ја промовираше заложбата од Програмата во 100 чекори за реализација на реформи во образованието. Најавено е дека во Буџетот на Републиката за 2008 година се планира ставка од околу 6.5 милиони денари за задоволување на две исклучително важни и ургентни потреби на образовниот систем: набавка на нови училишни клупи и реконструкција на санитарните јазли во училиштата.

Ваквата иницијатива наиде на особено позитивни реакции во јавноста. Покрај нејзината програмска заснованост, иницијативата беше поткрепена со квалитетни информации за алармантноста на состојба во која се наоѓаат најголем дел училишта во поглед на училишниот инвертар и санитарните услови. За ова зборуваат контролите направени од Државниот санитарен инспекторат, според кои 90% од училиштата имаат неисправни санитарни јазли. Од 330 училишта во кои била извршена контролата, 280 не ги исполнувале основните хигиенски

услови. Поради тоа, Инспекторатот дури и издадал наредби за затворање на неколку образовни установи пред почетокот на учебната година.

*Подобрување на квалитетот на образованието*: Како што забележа претходниот извештај во врска со ова прашање, главна тема беше и остана начинот на кој образовните власти се справија со демонстрациите на дел од учениците во завршните години на средното образование во врска со полагањето на државната матура. Полагањето на државната матура како европски докажан механизам за подобрување на квалитетот на образованието е важен елемент од Програмата во 100 чекори и од програмата за работа на Владата, на Министерството и на другите институции од сферата на образованието.

Од оваа перспектива, образовните власти со мерките кои ги презедоа за справување со проблемот успешно се справија со противреформските барања на дел од демонстрантите и на дел од политичките чинители во земјата за одлагање па дури и за укинување на државната матура.

Паралелно со овие, активности во насока на подобрување на квалитетот на образованието, а во согласно на програмските цели и во контекст на тековните потреби на деветолетката, се спроведуваат и обемни потфати за изготвување на нови наставни програми по предметите од второто развојно ниво (од IV-VI одделение).

*Зголемување на конкуренцијата во образованието:* Во првиот месец од овој период започна со работа новиот универзитет во Штип. Ова постигнување е значајно не само заради зголемување на конкуренцијата во образованието, туку има и големи. цивилизациски, социјални и политички вредности. Тоа претставува придонес кон децентрализацијата на високото обрзование, кон регионалниот развој на источниот дел од земјата, а има големи позитивни социјални импликации заради намалување на трошоците за студирање на голем број семејства и млади луѓе. Со отворањето на новиот државен универзитет, високото образование станува подостапно до поглем број млади граѓани на Републик Македонија

## 5.2. Што останува да се имплементира (што не е имплементирано или не е доработено)

Особено внимание треба да се посвети на донесувањето на новиот Закон за високото образование. Со тоа ќе се создадат нормативни институционални основи за подобрување на состојбите во оваа сфера и за вклучувањето на Македонија во европскиот простор на знаењето. Со донесувањето на овој закон е поврзано и подобрувањето на вкупната материјална и кадровската состојба на јавните универзитети во земјата, за што до сега не е направено доволно. Ова пак, е услов без кој не може квалитетно и во целост да се остварат програмските заложби за подигање на квалитетот на обарзованието и за зголемување на конкуренцијата во образованието.

Во тесна врска со ова е потребата од позначајна иницијатива во областа на уредувањето и финансирањето на научно-истражувачките активности, во насока во која што Програмата во 100 чекори предвидуваше дека ќе биде имплементирано до крајот на 2007 година. Во врска со ова прашање особено важно е изнаоѓање соодветно законско решение за местото и начинот на организација на научните институти и воопшто на нучната работа.

Покрај ова, со оглед на тоа што станува збор за извештај кој е проследен во 2007 година и се прави во време кога се планира буџетот за наредната година потребно е да се истакне дека остануваат да се имлементираат низа други активности назначени како во програмата Преродба во 100 чекори така и во програмата за работа на Владата за перидот 2006-2010. Тука, пред другите, ги имаме предвид, на пример, активностите во врска со стимулирањето конкуренција во образованието преку рангирање на високообразовните институции во земјата од страна на независна куќа; поголемо поврзување на домашните факултети со соодветни факултети и институти од сранство во форма на меѓународни проекти, размена на студенти и професори и сл.; премин на проектно финансирање на високото образование и научното истражување; привлекување на познати светски универзитети да отворат свои единици во Македонија; формирање академја за менаџери; развивање на виртуелна библиотека со бесплатен интернет пристап до најважните учебници за основното образование и друго.

## 5.3. Оценување на можни ризици од (не) имплементацијата на одредени постапки или од недоволно квалитетната имплементација

Може да се препознаат неколку општи фактори на ризик во однос на остварувањето на планираните цели и активности во сферата на образованието. Тие се во основа вонобразовни. Такви се на пример, прво, интензивирањето на проблемите на релација централна-локална власт, во контекст на општиот процес на децентрализација; второ, општото дефокусирање на јавнот интерес од образованите прашања било кон прашања од безбедносен карактер, заради случувања во опкружувањето било кон прашањата за евроатлантските интеграции на земјата.

Освен овие, на повидок нема други ризици за спроведување на започнатите и планирани активности во областа на образованието.

## 5.4. Општа експертска оценка за периодот на известување

Општа оценка за овој двомесечен период е дека има континуитет на реформските активности на образовните власти за остварување на програмски поставените цели и дека истите се надградени или операционализирани со неколку иновации. И во овој период-поради спецификите на овој дел од годината - образовните прашања, а во врска со нив активностите на образовните власти, беа во фокусот на јавниот интерес поради штрајковите и демонстрациите и нивното менаџирање. остварувањата на тој план, се во согласност со програмскте насоки и планови содржани во соодветните програмски документи.

Општо земено, и покрај бројните дисторзивни влијанија задржано е силното темпо на реализација на ветувањата за одговорно лидерство но и за внесување бројни образовни новитети за подобрување на квалитетот и конкуренцијата во образованието.

Под претпоставка дека тековните активности во врска со планирањето на Буџетот на Република Македонија за наредната 2008 година ќе завршат според планираното и посакуваното, како и под претпоставка дека сопствените политики и програми во оваа област и општо ќе се спроведуваат со повисок степен на уважување на релевантноста и јачината на отпорите од околината, може да се оцени дека во изминатава прва година од управувањето на ова водство создадени се солидни претпоставки за целосно остварување на ветувањата од програмата Предодба во 100 чекори и од Владата за перидот 2006-2010 година.

# 6. Спорт

## 6.1. Имплементираните активности во периодот на известувањето

*Проект „Изградба на 35 Спортски сали“*

Реализацијата на проектот за „Изградба на 35 спортски сали“, како најголем проект во областа на спортот, се одвива според плановите на одговорните институции, Владата на Република Македонија и Агенцијата за млади и спорт (АМС).

Досега се предадени во употреба 2, а во фаза на градба се уште 15 спортски сали.

Според плановите, предвидено е до крајот на годинава да бидат предадени во употреба уште неколку од салите.

*Проект „Изградба на 50 помошни фудбалски игралишта“*

Проектот за изградба на 50 фудбалски игралишта, е втор по големина и  во реализација на АМС, со вкупна вредност од околу 7,7 милиони евра.

Заклучно со 30 ноември, започнато со градба е на 9 локации, дисперзирани низ целата територија на Република Македонија (Прилеп, Свети Николе, Градско, Ранковце, Ѓорче Петров, Гостивар, Битола, Пробиштип и Могила).

Фудбалските игралишта ќе бидат тревнати, со димензии 120 × 80 метри, оградени, со осветлување, соблекувални и монтажни трибини, а завршувањето со градба на првите фудбалски игралишта се очекува во текот на 2008 година.

*Измени и дополнувања на Законот за спорт*

Од страна на АМС, поднесен е амандман на измените и дополнувањата на Законот за спорт, амандман кој се однесува на регулирање на статусот на заслужните спортисти, за доделување на национално спортско признание за заслужните спортисти, во вид на доживотен паричен надоместок.

Овие измени и дополнувања Парламентот на Република Македонија треба да ги усвои на својата 69 седница.

*Предлог програма за развој на спортот во РМ во периодот од 2007 до 2012 година*

Завршена е со изработка нацрт верзијата, на Предлог програмата за развој на спортот во Република Македонија во следниот петгодишен период (од 2007 до 2012 година).

*Проект „Избор на спортска химна“*

Во „Метрополис арена“ на скопското сајмиште, пред повеќе од 3.500 посетители, беше одржан избор на „Национална спортска химна“, кој имаше можност да го види целокупната јавност во Македонија (пренесувано во живо на „А1“ телевизија), а истотака и дијаспората преку сателитскиот канал „А1 +“.

Самиот настан имаше и хуманитарна димензија.

*Поддршка при учество на меѓународни натпревари на македонски спортисти*

Од 14 до 21 септември 2007 год. во Солун (Република Грција), се одржаа Првите спортски игри на Југоисточна Европа (ЈИЕ), за спортисти до 18 години, во 9 Олимписки спортови (6 во поединечна и 3 во екипна конкуренција).

На овие Први спортски игри на ЈИЕ, активно учество земаа и 100 спортисти и 40 спортски работници (тренери, судии и др.) од Република Македонија, во 7 спортови. Освоени беа и повеќе медали (во борење и пливање).

Овозможена е финансиска поддршка на Кик бокс федерацијата на Македонија, за учество на Светското првенство во Португалија.

*Наградување*

Извршено е наградување на спортските тренери, чии спортски ученици постигнале завидни спортски резултати на меѓународни натпревари (освоиле медал на најголемите спортски натпревари, како што се Европски (ЕП), Светски (СП) првенства и Олимписки игри).

### 6.2. Што останува да се имплементира (што не е имплементирано или не е доработено)

Сеуште не е разрешен проблемот со две федерации во еден спорт, што е во колизија со Законот за спорт, според кој закон, за еден спорт може да постои само една официјално регистрирана спортска федерација.

Донесувањето на измените и дополнувања на Законот за спорт, иако е ставено како точка на 69-та Седница на Парламентот на Република Македонија, сеуште не е реализирано.

### 6.3. Оценување на можни ризици од (не) имплементацијата на одредени постапки или од недоволно квалитетната имплементација

Како главни фактори на ризик, при имплементирањето на тековните, како и проектираните активности од областа на спортот, ги потенцираме следниве:

- како една од главните причини за пролонгирање на роковите за реализација на тековните проекти во годишниот период што ни предстои (сезона: зима-пролет) се временските влијанија, особено во зимскиот период кој ни предстои (поради крајот на градежната сезона);

- проектираниот временски рок за реализација на планираните активности, кој поради амбициозните планови е исклучително краток, постои опасност да дојде до пробивање на крајните рокови за реализација;

- недонесувањето на измените и дополнувања на Законот за спорт, може да се јави како кочница за понатамошен развој на спортот и покрај огромните напори кои ги вложуваат Владата и АМС.

### 6.4. Општа експертска оценка за периодот на известување

Со мониторингот на активностите на Владата на Република Македонија и Агенцијата за млади и спорт (АМС) во периодот октомври - ноември 2007 година, може да се констатира дека планираните активности се одвиваат според планот.

За потенцирање е фактот дека, актуелнава македонска Влада како ретко која пред неа, е резолутна во својата намера да направи фундаментални работи во спортот, кои потоа ќе продуцираат значајни спорт-

ски резултати, не само во врвниот (професионален), туку и во масовниот (рекреативен) спорт.

Најзначајната работа која се случи во овој период, е успешната реализација на мега проектот на АМС на Република Македонија, за „Избор на национална спортска химна“. АМС одлично го изменаџира проектот, со избор на спортска химна со СМС пораки, средствата собрани од целата манифестација (преку 20 илјади евра), беа наменети за хуманитарна цел, така да граѓаните на Република Македонија (преку 200 илјади гласови, што претставува една петина од жителите на Република Македонија учествуваа во гласањето), беа скоро едногласни во својот избор, за Тоше Проески и за хуманоста.

Во меѓувреме од страна на АМС, издадено е аудио ЦД со сите песни учеснички на изборот, посветено на најпопуларниот македонски пеач Тоше Проески (кој и самиот беше активен спортист во одбојка и кик бокс), во тираж од преку 165 илјади примероци, кои се поделени бесплатно. Постои и идеа за подготовка на ДВД издание од целиот настан, со што целосно би се заокружил овој успешен проект.

Преземањето на мерки за регулирање на статусот на заслужните спортисти на Република Македонија, за упатените во спортските случувања претставува чекор од нешто што било само во најоптимистичките мисли на спортистите. Коментарите на целокупната спортска јавност е дека тоа е вистински потег, во вистинска насока, кој може да се поздрави.

Проектот за „Изградба на 35 спортски сали“ како еден од главните и најголеми проекти во сферата на спортот, во континуитет се одвива според плановите. Досега предадените во употреба 2 и во фаза на градба уште 15 спортски сали, кои даваат доволно силен мотив за успешно водење и реализирање на проектот. До крајот на годинава се очекува уште неколку спортски сали да бидат предадени во употреба.

Вториот по големина проект на Владата на Република Македонија и Агенција за Млади и Спорт во областа на спортот, за „Изградба на 50 помошни фудбалски игралишта“ добива на интензитет во реализирањето. Досега започнати со градба се 9 помошни фудбалски игралишта, дисперзирани ширум Македонија, од кои првите се очекува да бидат завршени во 2008 год.

Во изминатиов двомесечен период од мониторингот, АМС направи потег за првпат во македонската спортска историја, со кој го вреднуваше трудот на спортските тренери, кои со своите спортски ученици забележале значајни спортски меѓународни резултати. Согласно Законот за спорт и Правилникот за наградување, освен наградите за спортистите, предвидени се награди и за нивните спортски тренери (еднократна финансиска награда во износ од 40% од годишната вкупно предвидена сума за спортистот).

Во минатиот извештај (август – септември 2007 год.) ова беше констатирано како недоследност во наградувањето на сите спортски учесници, но АМС промптно изреагира и ја корегира оваа аномалија која постоеше повеќе години.

# 7. Земјоделство

## 7.1. Имплементираните активности во периодот на известувањето

### 7.1.1. Развој на производството и поддршка на извозот

Во оваа област, во периодот на анализа (октомври-ноември 2007), направени се неколку активности.

Според истражувањето на Државниот завод за статистика. Раководителите на македонските претпријатија ја оцениле вкупната економска состојба на своите колективи во септември 2007 година како поповолна во однос на претходниот месец, Оцената за тековната обезбеденост на производството со порачки е малку пооптимистичка во однос на претходниот месец. Според оцената на раководителите на претпријатијата, обемот на производството на претпријатијата во изминатите три-четири месеци, како и нивната оцена за очекуваниот обем на производството за наредниот период е поповолна, а оцената за очекуваниот број вработени е понеповолна. Очекувањата на раководителите на претпријатијата покажуваат дека во наредниот период просечните набавни цени на инпутите ќе пораснат, како и просечните продажни цени на готовите производи.

Во периодот на известување, британскиот фонд преку „Данубе фудс" и српскиот „Имлек" ја купи најголемата млекарница во државата ИБМ. Деновиве хрватската млечна индустрија „Дукат" ја презема битолската „Идеал шипка". Нова млекарница финансирана од Бугарија се гради во битолското село Братиндол, ќе има капацитет на преработка на 120.000 литри млеко дневно. Грчките бизнисмени, пак, влегуваат во прилепската млекарница, а се најави дека откуп во Пелагониско ќе врши и шведската млекарница од Скопје. По продажбата на битолската млекарница менаџментот беше категоричен: потребата од влегување на странски капитал е неминовна, бидејќи овој комбинат го достигна плафонот на своите можности со неверојатно брзиот развој во последните 12 години. Оттука и потребата за влегување на стратегиски партнер. Според познавачите на приликите, клучниот фактор за влегувањето на странскиот капитал во млечните индустрии во југозападниот регион е пред се, плодната пелагониска почва и развојот на

земјоделството зошто можностите за производство на фуражни култури отвораат простор за развој на краварството.

Во Битолскиот регион има над 4.000 производители на млеко, повеќето се мали сточари со по две до три крави. Ретко кој од краварите ги задоволуваат европските стандарди со по 50 до 100 крави на фарма, како и условите за современо производство на млеко. Битолската млекарница има околу 1.700 кооперанти, додека „Идеал шипка“ близу 1.500. Само по две недели од продажбата на ИМБ се зголеми откупната цена на суровото млеко, во зависност од понудениот квалитет дури и за пет до шест денари по литар повеќе од претходно. Сепак, фармерите не се задоволни.

Во Делчево ќе започне производство на холандско сирење наменето за извоз во земјите на ЕУ. Во завршна фаза е монтажата на опремата во млекарницата на фирмата „Рудине ММ“, која е сопственик на фармите и на другите производствени и преработувачки капацитети од поранешниот ЗИК „Сандански“.

Проектот е поддржан од холандскиот Фонд за развој на млекопроизводството, а со холандска технологија ќе се произведуваат и сирењето и другите млечни преработки според европски стандарди. Капацитетот на млекарницата „Рудине ММ“ во Делчево е 1.500 тони месечно и е најголема во овој регион. Оваа млекарница ќе обезбеди сигурен пласман на млекото, не само за фармерите од Делчевско туку и од соседните општини Македонска Каменица, Пехчево и Берово.

Што се однесува до алтернативните видови земјоделско производство, во овој период има информации за извоз на медитерански плодови. Додека минатата година се откупени 500 тони киви и јапонски јаболка, годинава откупот тежи 700 тони. Цената на откупот се движи од 10 до 12 денари за килограм јапонски јаболка, зависно од квалитетот, а за кивите од 30 до 40 денари по килограм. Плодовите се пласираат во свежа состојба во Словачка и во Украина, а дел од откупните вишоци се складираат за потребите на пазарот пред Нова година. Во овој дел засега нема плантажна сеидба, односно вообичаено јапонското јаболко и кивите се одгледуваат поединечно во дворовите на индивидуалните станбени објекти.

### 7.1.2. Регулирање на сопственоста на земјиштето

Една од слабостите која е евидентирана во Извештајот на Европската Комисија за напредокот во 2007 година е бавното одвивање во регистрацијата на земјоделското земјиште.

Во периодот на известување продолжени се активностите на Проектот "Катастар на недвижности и регистрација", чиј имплементатор е Државниот завод за геодетски работи-Скопје (ДЗГР). Нивните активности, повеќе или помалку се одвиваат со предвидената динамика.

Оранжериските производители се уште имаат проблем со Републичкиот завод за геодетски работи, поради неевидентирање на оранжериите како објекти.

Катастарот не ги евидентира оранжериите како објекти. Поради тоа не може да се земе кредит од банките и покрај високите камати, зашто тие бараат хипотека која се докажува со сопственост на средствата. Тоа е еден од приоритетите за решавање во иднина.

### 7.1.3. Буџетска поддршка

Неколку активности во овој дел карактеристични за периодот на известување се направени:

Имајки ја в предвид кризата со добиточна храна што ја зафати не само Македонија, туку и пошироко, Владата превзема неколку мерки, кои можат да се третираат како буџетска поддршка. Владата вети дека ќе одвои дополнителни два милиона евра за сите категории сточен фонд. Средствата во буџетот, околу 25 милиони евра што беа одредени за годинава за поддршка на земјоделството ќе се зголемат на 27 милиони евра и во наредните неколку недели тие два милиона евра ќе се пренасочат на одгледувачите на говеда, јагниња, свињи, живина и кози. Според Владата, таа посебно внимание посветува на развојот на сточарството во неразвиените подрачја и за таа цел сите наведени износи на буџетската поддршка за одделни категории на сточниот фонд ќе бидат за 10 проценти повисоки во неразвиените региони во Република Македонија, а во исто време критериумите за користење

буџетска поддршка за овие реони се двојно пониски и поедноставени. Владата, исто така со ребалансот на буџетот одвои дополнителни 300 милиони денари за набавка на добиточна храна за стоковните резерви. Тендерот за набавка на 10.000 тони пченка и 10.000 тони јачмен е веќе објавен и завршува на 20 ноември годинава.

Според податоци од македонската царина увозните давачки за пченицата се укинати. Одлуката е во сила од 16.10.2007 година. Во оваа одлука, согласно со царинскиот закон, се пропишува мерка за укинување на увозните давачки при увоз на пченица за квота во количество од 30.000 тони, за период од 16 октомври 2007 до 1 јуни 2008 година. Распределбата на квотата за пченица ќе се врши според принципот прв дојден, прв корисник.

Потоа, трошоците во земјоделството континуирано растат, што резултира со повисоки цени на финалните производи. Ваквите нагорни трендови на цените на земјоделските производи се рефлектираат врз зголемување на средствата што се одвојуваат за нивна набавка, што значително ја поскапува прехранбената кошница на граѓаните. Според последните статистички податоци, цените на земјоделските производи минатиот месец пораснале за 21,8 отсто во однос на октомври минатата година, што се должи на раст на влезните трошоци во земјоделското производство од 8,2 отсто. Заради тоа, Владата ќе одвои дополнителни 60 милиони денари за компензирање на дел од трошоците за набавеното вештачко ѓубриво за изведување на есенските сеидбени активности, спроведени од страна на земјоделските производители. Оние земјоделци кои веќе го имаат набавено ѓубривото ќе може со фискални сметки да рефундираат дел од вложените средства.

### 7.1.4. Поволни услови за кредитирање

Во периодот на известување, една значајна новина во овој дел е донесена. Каматите за кредитите за земјоделците за примарно производство ќе бидат 4%. Досегашните комерцијални кредити со 8-9% каматна стапка, сега преработувачите и трговците ќе ги добиваат со 5% камата. Разликата во каматната стапка ќе ја субвенционира Владата. Ова се каматни стапки што веќе се договорени преку Министерството за финансии и со банките во Република Македонија во според истражувањето на Државниот завод за статистика., и кои се некаде за околу 3% намалени во однос на претходно што беа, 7, 8, 9% кај

банките, а истовремено штедилниците коишто претходно ги одобруваа средствата, со стапки од 10-18%, со нив е договорена стапка од 6% за примарното земјоделско производство, односно 6,5% за секундарното земјоделско производство.

Најавуваниот кредитен фонд и во овој период не профункционира, така што поминаа пет месеци од најавата за негово функционирање, до овој момент додека се подготвува овој извештај има стагнација.

### 7.1.5. Наводнување и контрола на поплавите

Нема позначајни промени во овој дел од претходниот извештај. Трансформацијата на водостопанските претпријатија треба комплетно да заврши до крајот на годинава. За реструктурирање останаа уште четири помали водостопанства, кои треба да се ликвидираат во наредниот месец. Парите се обезбедени од кредит на Светската банка. По ликвидацијата на старите претпријатија ќе следува формирање на нови фирми според законските измени.

### 7.1.6. Био храна

Органската храна наоѓа се поголемо место на трпезата на македонските потрошувачи, иако е за 10-30 отсто поскапа од конвенционалната храна. Отсега дел од органското производство и производството во конверзија од конвенционално во органско на пазарот ќе бидат застапени под една етикета што ја носат производите на членовите на Националниот сојуз на органски производители, под логото „Органика“. Станува збор за приватна етикета на Сојузот што ќе ја носат само производите на членовите на Сојузот на органски производители Биосан. Станува збор за 50 производи, од кои најголемиот дел се свежи, со тенденција на пазарот да излегуваат и нивни преработки. Производителите се согласуваат дека перспективата на македонското земјоделство е во продукција на ваков вид храна, бидејќи таа е поскапа и ја има во помали количини. Најголем хендикеп за органското производство да излезе надвор од државава се малите количини што можат да се понудат и неможноста за обезбедување континуирано снабдување на пазарот.

## 7.2. Што останува да се имплементира (што не е имплементирано или не е доработено)

За наредниот период се очекуваат неколку работи поврзани со релизација на Програмата на Владата во секторот земјоделство.

Очекувањата во врска со развојот и поддршката на извозот сеуште се на ниво на очекувања. Во наредниот период, треба да се обрне внимание на промовирање на карактеристични национални брендови на земјоделски производи и нивна промоција на надворешните пазари.

Околу распределбата на земјоделското земјиште, покрај катастарот, треба во наредниот период да се обрне посебно внимание околу контролата на склучените договори.

Застојот околу Кредитниот фонд, треба во наредниот период да се надмине, за успешно користење на поповолни кредити за земјоделците.

## 7.3. Оценување на можни ризици од (не) имплементацијата на одредени постапки или од недоволно квалитетната имплементација

Имплементацијата на зацртаните работи од Програмата во 100 чекори од ВМРО-ДПМНЕ за изборите во 2006 година, која после изборите претставува и Програма на Владата, во делот на земјоделството има две димензии. Прво, политичка, преку која неимплементирањето на ветените работи секако се одразуваат на рејтингот и капацитетите на оној кој ја донесува и спроведува. Од друга страна, економската димензија, која е битна за сите граѓани во државата. Со оглед дека не е мал бројот на населението кое се занимава, и има допирни точки со земјоделството, според последниот попис околу 190.000 семејства , од исклучителен социјален и економски ризик е неимплементирањето на политиките во овој сектор.

Во периодот на известување, активностите имплементирани од страна на Владата даваат надеж дека зацртаната политика се спроведува.

Еден од клучните ризици кои можат да се видат сега е ненавременото усогласување со Заедничката земјоделска политика на ЕУ. Како земја кандидат Македонија во делот на земјоделството треба многу да стори во хармонизирање со земјоделската политика на ЕУ. Како пример, најголемото поглавје од прашалникот, а со тоа и најчувствителните преговори со ЕУ за пристапување ќе бидат во земјоделството. Тоа е комплицирана материја, со многу регулативи и препораки, мерки за субвенционирање, ограничувања на слободниот пазар и слично.

### 7.4. Општа експертска оценка за периодот на известување

Мерки превземените во овој период ја следат тендецијата за напредок. Посебно се издвојува раздвиженоста со инвестирањето во млечната индустрија, како на домашни, така и на странски компании.

Во делот на донесување на регулативата, најзначајно е донесувањето на Законот за земјоделство и рурален развој.

Во делот на субвенционирање на земјоделското производство, впечаток е дека оваа Влада има особено чувство и покажува интерес за зголемување на субвенциите во земјоделството. Во анализираниот период треба да се споменат одвоените дополнителни два милиона евра за сите категории сточен фонд, како и субвенциите од 60 милиони денари за компензирање за набавка на вештачко ѓубриво за есенската сеидба. Ваквите мерки се секако добредојдени и поддржани од страна на земјоделците.

Глобално земено, поскапувањето на храната е тренд. Овој тренд се одразува и во македонската економија. Најголемо зголемување на индексот на цените на растителното производство во октомври 2007 година, во споредба со истиот месец минатата година, е забележано во групите зеленчук за 50,8 отсто, жита и ориз за 42,9 отсто, овошје и грозје за 27,7 отсто, компир за 15,4 отсто, добиточни растенија за 9,4 отсто, вина за 7,8 отсто и индустриски растенија за 0,6 отсто. Кај добиточното производство, зголемување на индексот е забележено во групата производи од животинско потекло за 11,7 отсто, а единствено намалување е регистрирано во групата добиток за колење за 4,3 отсто. Според статистичарите, цените на инпутот во земјоделството (набавни цени на средствата за земјоделско производство) во октомври 2007

година, во споредба со октомври 2006 година, се зголемени за 8,2 отсто.

Вкупниот индекс на цените на инпутот во земјоделството е зголемен како резултат на зголемувањето на цените на средствата тековно потрошени во земјоделството за 8,6 отсто и зголемувањето на индексот на цените на средствата наменети за инвестиции во земјоделството за 1,6 отсто. Во делот на влезните трошоци најголем пораст на индексот на цените во октомври 2007 е забележан во групите: семиња за 22,5 отсто, добиточна храна за 16,4 отсто, енергија, горива, мазива за 10 отсто, одржување на опремата и зградите за 5,9 отсто, средства за заштита на растенијата за 3,2 отсто и минерални ѓубрива за 0,3 отсто, додека во групата ветеринарни услуги индексот е намален за 5,4 отсто. Растот на трошоците минатиот месец го задржува трендот на раст од месецот пред него, поточно септември, кога цените на инпутот во споредба со септември 2006 година биле зголемени за 3,8 отсто, а цените на аутпутот во споредба со септември 2006 година биле зголемени за 18,8 отсто. Ова покажува дека во земјоделството има перспектива и Македонија треба да го искористи тоа. Треба да се создаде клима за инвестирање во земјоделството, но и да се направат напори со имплементација на современи технологии, да се зголеми продуктивноста и да се намалат трошоците на производство.

Треба да се напомене и за недоволното ангажирање во образованието во земјоделството и имплементација на програми за обука и помош. Исто така многу малку е направено во развојот на советодавните служби и научно-истражувачката работа. Финансиските олеснувања, буџетската поддршка, странските инвестиции и други мерки кои се имплементираат, ќе го немаат посакуваниот импакт на развој доколку не се посвети поголемо внимание на развојот на човечките ресурси и истражувањето.

# 8.Надворешни работи

## 8.1. Имплементираните активности во периодот на известувањето

Политичкиот дијалог е интензивиран после повеќемесечно одложување, што придонесува на почетокот на декември да бидат усвоени законските акти кои се потребни за завршување на реформските процеси. Во октомври се избрани тројца нови членови на Судскиот совет, со што оваа институција е речиси докомплетирана, со избрани 14 од вкупно предвидени 15 членови. Изборот на нови амбасадори со заедничка одлука на Владата и Претседателот на државата исто така придонесува за стаблизација на политичката сцена, како и потврда на зрелоста на политичката култура во државата.

Во Извештајот за напредок на Македонија во 2006 година подготвен од страна на Европската комисија поздравен е напредокот во реформите во судството, полицијата, борбата против корупцијата во овие области, како и во исполнување на економските критериуми, но се нагласува потребата за натамошни чекори во тој правец, како и за создавање на широк политички консензус. Во Извештајот не се предлага започнување на преговорите за членство на Македонија во ЕУ, што може да се толкува како продолжување на периодот на стагнација на државата на нејзиниот пат кон Унијата.

Министерот за надворешни работи учествуваше на Есенската сесија на Парламентарното собрание на НАТО во Исланд, при што е остварена и средба со министерката за надворешни работи на Исланд, како и со членови на Конгресот на САД. Од страна на соговорниците е добиена поддршка за продолжување на реформите и за членството во НАТО. Министерот Милошоски го посети и Обединетото кралство на Велика Британија и Северна Ирска, при што се остварени средби со британскиот министер за Европа, со претставници на парламентот, а министерот одржа и предавање во Лондонската школа за економија. Исто така, министерот Милошоски ги посети и Унгарија и Словачка, а учествуваше и на Мадридскиот самит на Министерскиот совет на ОБСЕ. Премиерот Никола Груевски оствари посета на Република Бугарија, при што беа потврдени добрососедските односи, како и поддршката на Бугарија за влезот на Македонија во НАТО и ЕУ.

Во периодот октомври-ноември Македонија ја посетија министерот за надворешни работи на Луксембург и Словенија, како и делегација на парламентите на Велика Британија, Чешка и Естонија. Македонија ја посети и Кристофер Хил, помошник државен секретар на САД, и поранешен амбасадор на САД во Македонија, при што му е доделен државниот орден “8-ми септември“.

Во Скопје се одржа седница на Парламентарното собрание на Франкофонијата, при што беше истакната поддршката на ова тело за членството на Македонија во НАТО и ЕУ. Владата на Република Македонија донесе одлука за отповикување на амбасадорите на Македонија во Швајцарија и Хаг, Махмут Ибрахими и Добринка Тасковска, поради прекршување на правилата за работа на дипломатските претставници.

Министерот за одбрана Еленовски заедно со своите колеги од Хрватска и Албанија оствари средба со американскиот секретар за одбрана Роберт Гејтс, а во рамките на посетата на САД Министерот Еленовски се сретна со преставници на Белата куќа, Пентагон и Стејт департментот. Тој оствари и средба со Американско-еврејскиот комитет, а ги посети и Арлингтонските гробишта. Во овој период министерот Еленовски имаше и работни средби со амбасадорите на повеќе држави во НАТО, меѓу кои и Германија, Франција, Холандија, Норвешка и Данска. Во ноември Собранието со консензус донесе одлука двојно да го зголеми воеността присуство на Македонија во Ирак.

Во однос на интеграцијата во Европската унија, Собранието на Република Македонија во ноември едногласно ја донесе Резолуцијата за приоритетите за пристапувањето на Република Македонија во Европската унија и отворањето преговори за членство во Европската унија. Собранието на Република Македонија исто така ја усвои одлуката за формирање на Национален совет за евроинтеграции со цел да се засилат активностите и одговорностите на сите надлежни институции вклучени во процесот на пристапување во Европската унија.

Македонија и Европската унија ја потпишаа Финансиска Спогодба за Националната програма за 2007 година во рамките на Инструментот за претпристапна помош и Рамковната Спогодба за правилата за соработка во врска со финансиската помош. Во Скопје се одржа четвртиот редовен состанок на Поткомитетот за правда, слобода и

безбедност, а Македонија ја посети и делегација на Европската комисија предводена од Марко Бенедети, Генерален директор на Генералниот директорат за толкување. Заменик-претседателот на Владата Г-ѓа Коневска оствари и средба со министерката за европски прашања на Република Бугарија, Гергана Гранчарова.

Во Охрид се одржа Светската конференција за меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог, на која што учествуваа повеќе од 200 духовни водачи и претставници на верски заедници од повеќе од 40 држави. Конференцијата заврши со усвојување на заедничка Декларација за унапредување на дијалогот и взаемното разбирање меѓу религиите и цивилизациите. Во оваа прилика, министерот за надворешни работи повика на молитва за здравјето на грчкиот патријарх Христодулос, чија што здравствена состојба е влошена.

Билатералниот спор во врска со разликите околу името што Македонија го има со Грција останува меѓу врвните прашања на надворешната политика на двете земји. Македонското МНР изрази загриженост во врска со изјавите на митрополитот на Грчката православна црква кој повика на “освојувачки походи на Битола“. Грција не испрати воена делегација на Седмиот состанок на началниците на армиите од Јадранската повелба, на која присуствуваа сите земји од регионот. Исто така, во текот на одржувањето на Олимписките игри на млади од Југоисточна Европа кои се одржуваа во Солун, на повеќе од 100 млади спортисти од Македонија не им беше дозволено да настапуваат по меѓународно-признаената кратенка “МКД“, после што тие го напуштија настанот.

Посредникот во разговорите меѓу двете земји што се водат во рамките на Обединетите нации, Метју Нимиц, достави рамка за решавање на проблемот, во која меѓу другото, се побара од Македонија да избере друго име за меѓународните односи, кое ќе биде различно од уставното име. Овој предлог беше веднаш отфрлен од македонските власти, и беше потврден ставот дека Македонија нема да прифати промена на уставното име, дури и тоа да значи дека државата нема да влезе во НАТО. Овој став е едногласно поддржан од сите државни институции и политички партии.

Претседателот на Парламентарното собрание на НАТО, Жозе Лело, при посетата на Скопје изјави дека спорот околу името со Грција

не е проблем за приемот во НАТО. Поддршката за овој став од страна на САД е потврдена на брифинг на Поткомитетот за Европа во Конгресот, каде што потсекретарот за политички прашања, Николас Барнс, изјави дека на Македонија нема да и биде откажана поканата за НАТО поради ниту една причина, освен ако таа не е поврзана со критериумите за членство, како и дека САД од Грција очекува да се придржува до Времената спогодба од 1995 година. Поддршката од страна на САД за зачленување во НАТО е потврдена во повеќе наврати, а посебно при посетата на американскиот заменик-помошник државен секретар Розмари ди Карло, како и амбасадорот на САД во НАТО, Викторија Нуланд.

При посетата на Македонија, поранешниот италијански премиер и сегашен претседател на Комисијата за надворешна политика на Италијанскиот парламент, Ламберто Дини, недвосмислено изјави дека “за Италијанците оваа земја се вика Република Македонија“, и дека Грција ќе биде изолирана во случај да го блокира влезот на Македонија во НАТО. Британскиот пратеник Мајкл Корнати, при својата посета на Скопје изрази надеж дека Европската Унија во свое членство ќе прими земја под име Македонија.

Помошникот на генералниот секретар на НАТО за политички прашања и безбедносна политика Мартин Ердман, при својата посета на Скопје ги наведе следните услови кои треба да се исполнат за добивање на покана за членство во НАТО: неповратлив и одржлив реформски процес; спроведување на реформите; завршено спроведување на Охридскиот договор и здрави меѓуетнички односи; политички дијалог и соработка меѓу партиите; долгорочна гаранција за политичка стабилност во земјата; добрососедски односи со сите соседи; функционални и независни државни институции; енергична и објективна борба против корупцијата и организираниот криминал.

Безбедносната состојба е стабилна, со исклучок на инцидент во пограничниот регион кон Косово во октомври, кога еден полицаец загина, а двајца беа повредени. Во насока на одржување на стабилноста во пограничниот регион, во ноември македонската полиција презема акција во селото Бродец, притоа е неутрализирана криминалната група, во која дејствувале и бегалци од косовскиот затвор Дубрава. Професионалната акција во која учествуваа полицијци од различен етнички состав беше поздравена од меѓународната заедница.

Директоратот за дијаспора на МНР реализираше два проекти за македонските национални малцинства во соседните земји и дијаспората – весникот “Преспа“ и “Македонско драмско катче“, а донирана е и информатичка опрема за редакцијата на споменатиот весник.

## 8.2. Што останува да се имплементира (што не е имплементирано или не е доработено)

Во периодот што следи потребно е зајакнување на билатералните односи со државите-членки на НАТО, како и со државите кои се постојани членки на Советот за безбедност на Обединетите нации, со цел да се елиминира секоја можност за притисок за преименување на државата. Истовремено, потребно е да се преземат и видливи постапки во таа насока, со што ќе се зацврсти ставот дека Македонија сака да биде партнер и сојузник со Грција, а не нејзин непријател. Непречено функционирање на Собранието е суштинско за завршување на сите зацртани задачи, со што ќе се оневозможи идентификување на реални причини за натамошно одложување на членството на Македонија во НАТО.

Во врска со решавањето на статусот на Косово, се препорачува продолжување на поддршката на решението кое ќе биде поддржано од САД и најголем дел од членките на ЕУ, и истовремено одржување на добрососедските односи со Србија, но пред се, водејќи се од заштитата на македонските национални интереси и сојузништвото со САД и ЕУ.

Натамошна реализација на проекти и поддршка на иницијативи за заштита на правата на македонците кои живеат во соседните земји секако ќе придонесе кон подобрување на нивната положба, и нивно вклучување во процесот на зајакнување на добрососедските односи.

## 8.3. Оценување на можни ризици од (не) имплементацијата на одредени постапки или од недоволно квалитетната имплементација

Можноста за вето од страна на Република Грција за поканата за членство во НАТО не би требало да се потцени. Сувереното право на оваа држава за блокирање на процесот на проширување е неприкосновено, и заканата со вето е веќе демонстрирано во процесот на

проширување на Европската унија со земјите од централна и источна Европа и со медитеранските земји во 2004 година. Дури и по цена да биде изолирана од сите останати држави-членки, Грција јавно не ја исклучува оваа можност. После овој евентуален потег што ќе значи прекршување на Времената спогодба од 1995 година, Македонија ќе има право да ги напушти преговорите кои се водат во рамките на ОН, па дури и да преземе чекори за враќање на состојбата пред потпишување на таа спогодба, поврзани со државните симболи и одредени уставни одредби.

Можни сценарија во иднина: Влошувањето на односите со Србија би било можно доколку Македонија ја признае евентуалната независност на Косово. Во тој случај Србија би го манифестирала своето незадоволство преку отворена поддршка на Грција во спорот со името, нешто што постоеше и досега во латентна варијанта. Односите би биле подобрени после конечната разврска на состојбата, во контекст на остварување заедничките приоритети за членство во ЕУ.

Прогласувањето на независноста од страна на привремените власти на Косово ќе претставува можност за реализација на одредени обиди за дестабилизација на пограничните региони на Македонија со оваа територија, што би можело да ги загрози и клучните надворешно-политички приоритети на државата.

Оттаму, потребен е претпазлив пристап и зајакнување на границата со Косово, во координација со НАТО и КФОР.

## 8.4. Општа експертска оценка за периодот на известување

Несомнено дека добивањето на покана за влез во НАТО е доведено под прашање од страна на Грција. Блокирањето на овој процес ќе значи директно прекршување на Времената спогодба од 1995 година, во чиј член 11 децидно се вели дека Грција нема да се спротивставува на влезот на Македонија во меѓународните организации под привременото име. Истовремено, грчката Влада презема интензивни мерки за поддршка на нејзината позиција, чии што резултати треба будно да се следат. Се чини дека македонските власти не обрнуваат доволно внимание на дипломатските пораки што се испраќаат од пријателските земји за воздржување од потези што од страна на Грција би можеле да бидат сфатени како провокација, односно за демонстрирање на добрососедство со оваа земја. Македонија нема можност да натамошни отстапки во однос на името на државата, и би било корисно доколку пред

земјите членки на ЕУ и НАТО и натаму се афирмираат веќе направените отстапки во изминатите години во овој контекст. Од друга страна, постојат повеќе начини на кои би можело да се динамизира пријателството со соседна Грција, па дури и ако тоа значи само симболично подобрување на односите.

Усвојувањето на потребните законски и подзаконски акти, како и нивна имплементација е процес за кој не постојат ниту алтернативи, ниту можности за одложена реализација. Постои простор за натамошно зајакнување на способноста за постигнување на консензус во државните институции и меѓу политичките елити, со што дополнително ќе се афирмира зрелоста на политичката култура и широкиот консензус за надворешно-политичките приоритети.

# 9. Внатрешни работи и правда

## 9.1. Имплементираните активности во периодот на известувањето

### 9.1.1. Реформи во полицијата

Основа за реформите во полицијата претставува Законот за полиција[4], кој започна да се применува на 11 ноември годинава. За неговата имплементација се изврши целосно редефинирање на постоечките и изработка на нови подзаконски акти кои произлегуваат од неговите одредби. За неговата навремена имплементација Секторот за правни и кадровски работи (СПКР) при Министерството за внатрешни работи (МВР) изготви Акционен план за реализација на активностите во врска со изготвување на правната регулатива за периодот 2006 и 2007 година.

Во Акциониот план (АП) предвидени се активности за прилагодување на законската регулатива за работењето на МВР во три сегменти и тоа:

- изработка на под законските прописи што призлегуваат од Законот за полиција;
- изработка на подзаконски акти кои произлегуваат од процесот на усогласување на законодавството со европските стандарди и прописи и
- изработка на подзаконски акти кои произлегуваат од заокружувањето на процесот на реформи во полицијата.

По однос на првиот сегмнет за целосна имплементација на Законот за полиција од неговите одредби произлегува потребата од донесување на 64 подзаконски акти од кои од моментот на носење на законот до 07.11.2007 односно еден ден пред неговото стапување во сила се донесени 55[5], а преостанатите 9[6] подазаконски акти министерството не успеа да ги донесе во предвидениот рок.

[4] "Службен весник на РМ" бр. 114/06

[5] Заради малиот простор не се впуштаме во набројување на големиот број на донесените закони и подзаконски акти.

[6] Уште три од овие подзаконски акти се усвоени до крајот на референтниот период, односно до 30.11.2007 година по 11.11.2007 кога законот стапи во сила

По однос на вториот сегмент од предвидените 55 закои и подзаконски акти кои треба  да се хармонизираат со законодавството на ЕУ, во предвидениот рок, се донесени 41, а останатите 10 се во процедура на изготвување[7]. Од овие 10 подазконски акти 5 треба да ги донесе Министерството за транспорт и врски бидејќи Законот за безбедност на патиштата прејде во нивна ингеренција, останува(а)т уште 5 недонесени подзаконски акти кои МВР треба да ги донесе. Во оваа групација на законски одредби се и оние законски решенија кои беа директно поврзани со адаптирањето на неколку закони битни за започнување на издавање на биометриската патна исправа и останатите лични документи. Најмала активност на СПКР покажал кај носењето на законите и подзаконските акти од третиот сегмент планирани активности, на полето на заокружување на процесот на реформи на полицијата, каде што од 70 планирани се однесени само 11 закони и подзаконски акти, но вреди да се напомене дека и овде се запазени роковите за нивно донесување односно најголем дел од нив се планирани во период на втората половина од 2007 и во текот на 2008 година. СПКР во референтниот период бил активен во носењето на уште 12 други закони и подзаконски акти кои не се предвидени со споменатиот Акционен план.

Заради имплементација на Законот на полиција уште во август годинава од страна на МВР се назначени раководителите на осумте Сектори за внатрешни работи предвидени со законот. Законот предвидува измени во начинот на именување на командирите на полициските станици кои се назначуваат по предлог на МВР  од повеќето предложени кандидати нивниот избор го вршат органите на локалната самоуправа. Во таа смисла постапката за назначување на комадирите на полициските станици беше врзана со стапувањето на законот на сила односно истата започна по 11.11.2007 и е во фаза на имплементација. Во текот на референтниот период се назначени првите командири на полициски станици.

[7] На овој план состојбата е иста како и во нашиот претходен извештај за периодот август – септември.

### 9.1.2. Борба против организираниот, насилничкиот криминалитет и корупцијата

Борбата против организираниот криминалитет и корупцијата останува приоритет на МВР. Во прилог на борбата против корупцијата во референтниот период на 19.11.2007 е покрената акцијата „Змиско око“ која опфати истрага против поголем број на лица вработени во ЈП „Македонија пат“ кои во периодот од мај до спроведувањето на акцијата на 19.11.2007 година на наплатните рампи во Скопје, Тетово, Гостивар и Велес извршиле злоупотреба на службената должност со што ја оштетиле државата за околу 5 милиони евра. Првиот ден во реализацијата на акцијата се приведени 29 лица меѓу кои еден заменик раководител на наплатната служба, петмина раководители и 21 инкасатор.

Во содејство со јавниот обвинител на наплатните рампи биле монтирани скриени камери и микрофони за документирање на коруптивните активности на јавните службеници кои при наплаќање на патарината место фискални сметки издавале бела хартија за што од возачите земале по половина од вредноста на патарината што требала да биде наплатена.

Исто така од опусот на специјалните истражни мерки и дејствија било применето и тајно следење со цел утврдување на мрежата која во подолг временски период злоупотребила огромни финансиски средства кои наместо во државната каса се слиле во приватните џебови.

Акцијата продолжи и во следните денови со апсење на нови лица инволвирани во криминалитете корупциски дејствија. Поднесени се 33 кривични пријави против 41 осомничено лице од кои голем дел завршија со притвор.

Според Министерството за внатрешни работи ова е најголемата, најдолгата и најмасовна акција од ваков вид која е со тенденција на проширување на кругот на сторителите.

Во референтниот период е изведена уште една добро планирана и организирана акција на МВР во борбата против организираниот насилнички криминалитет кој доби и примеси на можност од дестабилизирање на регионот на шарпланинските села. Станува збор за

организираната акција на специјалните полициски сили изведена ноќта помеѓу 06 и 07 ноември 2007 година во селото Бродец заведена под псевдонимот „Планинска бура".

Спроведена е акција против паравоената организација под раководство на избеганите затвореници од затворот Дубрава во Приштина. Во акцијата се водени жестоки пресметки со вооружената група, епилогот на вооружената престелка е шест мртви припадници на вооружената група, а од слобода се лишени 13 припадници на групата.

Запленето е огромно количество на тешко и лесно оружје со кое според експертите би можеле да се вооружаат околу 150 лица кои во период од неколку месеци би можела да даваат отпор.

Во акцијата учествува единиците на специјалните сили на полицијата со мешовит етнички состав што од страна на меѓународната организација беше прифатено со одобрување.

### 9.1.3. Правда реформи во правосудство

Пораката од меѓународната заедница за значењето на целосното комплетирање на Советот односно ризикување Република Македонија да добие негативни оценки во извештајот на Комисијата на Европската Унија, кој се очекуваше во правата половина од ноември, и пораката од г-ѓа Миловановиќ амбасадорката на САД дека за зачленувањето во НАТО алијансата е неопходно комплетирање на Советот резултираа со неколку состаноци на лидерско ниво на позицијата и опозицијата за надминување на ваквата состојба.

Улогата на Советот во извршувањето на судските реформи е од несомнено значење пред сè во изборот на судии во Управниот и во Апелацискиот суд во Гостивар и за разрешување на судиите кои несоодветно ја изврвршуваат нивната функција. Повеќе од една година не е вршен избор на судии, разрешувани се оние кои што ги исполнуваат услови за пензија и оние кои што направиле дисциплински повреди. Во судовите се испразнети околу 70 судиски места, а потребно е да се изберат уште 30 судии во Управниот суд и во Апелацискиот суд во Гостивар.

Според Законот за Судскиот совет покрај избраните кандидати на директни избори од страна на судиите од републиката и членовите на Советот по функција, останатите пет членови ги предлагаат Комисијата за избори и именувања на Собранието на Република Македонија (во понатамошниот текст Собранието) и Претседателот.

Комисијата за избори и именувања на Собранието на Република Македонија за членови на Советот ги предложи кандидатите Лина Петровска, Бујар Сабриу и Љубомир Богески, а Претседателот Црвенковски повторно настапува со предлогот за Абдулселам Канзозовски и Ментор Ќоку како кандидати за Советот, а кои претходно во декември 2006 година на парламентарната седница за избор на кандидати за Советот не беа изгласани.

На седницата на Собранието што се одржа на 04.10.2007 година за член на советот беше избран Бујар Сабриу, а следниот ден на седницата на Собранието од преостанатите четири кандидати беа избрани Лина Петровска, Љубомир Богоески и Ментор Ќоку, додека Абдулселам Канзоски, кој беше предложен од Претседателот, не го доби потребното мнозинство[8].

Во референтниот период направен е напор за избор и на преостанатиот член на Советот на предлог на Претседателот по неуспешниот избор на Абдулселам Канзозовски. Кон крајот на октомври Претседателот Црвенковски како нов кандидат за избор во советот го предложи судијата од Основниот суд Скопје Насер Хаџи-Ахметовиќ. Предлогот на Црвенковски за избор на Хаџи-Ахметовиќ не беше прифатен од позицијата заради почитување на уставниот амандман 26 став 6 според кој Претседателот може да предложи само еден член кој им припаѓа на немнозинските заедници што го доведува во прашање исполнувањето на бадентеровиот принцип во Советот.

На 29 и 30 октомври проширениот состав на Советот избра 18 судии за Управниот суд и 11 судии за Апелациониот суд во Гостивар. На истата седница се номинирани кандидати за претседатели на судови и тоа: Апелациониот суд во Скопје, Апелациониот суд во Гостивар, Управниот суд и за основните судови во Битола, Струга, Охрид, Ресен и Крушево.

[8] Членовите на Советот се избираат со Бадентерово мнозинство односно потребни се 18 гласови од етничките заедници.

Процесот за реорганизирање на судовите, односно активностите за просторно опремување со потребните административни средства на Управниот суд и Апелациониот суд во Гостивар се во завршна фаза. Управниот суд треба да започне со работа на 03.12.2007 година, а се предвидува Апелациониот суд во Гостивар да започне со своите активности на 05.12. 2007 година.

Во референтниот период е иницирaн предлог за измена на Законот за судски буџет чие влегување во сила е предвидено за почетокот на следната година. Со измените се предвидува надлежноста за управување со средствата од судскиот буџет, која според позитивното право беше во ингеренции на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, да преминат во надлежност на Судскиот буџетски совет. Според Владата која е предлагач на овие измени целта е да се постигне градење на независно судство со поголем квалитет во менаџирањето со судските средства преку давање клучна улога во менаџирањето со парите од страна на Судскиот буџетски совет со што Врховниот суд ќе се посвети на обезбедување единство во примената на законите од страна на судовите.

Според предложените измени членови на новоформираниот буџетски совет ќе бидат: претседателот на Судскиот совет, министерот за правда, претседателите на Врховниот, Управниот, четирите апелациски судови, тројца претседатели на основни судови и директорот на Академијата за обука на судии и јавни обвинители (во понатамошниот текст Академијата).

Во референтниот период од страна на владиниот советник за борба против корупцијата Моника Маковеј, до Владата е доставен предлог за рефрми во правосудството, со носење измени на одредбите за пензионирање на судиите. Предлогот на Маковеј е судиите да се пензионираат со наполнување на старост од 55 години според искуствата во Естонија каде со административна одлука се пензионирани голем број судии. Целта на Маковеј е судските реформи да се реализират со млади кадри кои не се подложни на притисоци наместо оние кои се најодговорни за актуелната состојба во судството.

Ваквиот предлог од страна на судиите[9] е пречекан како основ за чистка во судството што би значело потреба од замена на многу судии што ќе претставува сериозен проблем за државата затоа што Академијата штотуку почна со работа каде се обучува првата генерација од 27 кандидати. Од друга страна Судскиот совет неодамна распиша конкурс за прием на 56 испразнети судиски места и за девет претседателски места.

Академијата започна со својата почетна обука на 17 септември 2007 година на 27 кандидати. Во рамките на Академијата со почеток на 19 ноември 2007 година започна обука на судиите од Управниот суд во времетраење од 60 часа. Истовремено во соработка со ОБСЕ на Академијата се одржани неколку циклуси на предавање од областа на Меѓународното хуманитарно право, пред сè на судии и јавни обвинители, со цел подготовка за преземање на четирите случаи од Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија во Хаг случени во конфликтната 2001 година.

Законот за Советот на јавни обвинители и измените на Законот за јавно обвинителство кои имаат вонредно големо значење во градењето независно правосудство и органи за кривичен прогон, а е од суштинско значење на патот кон евро-атлантските интеграции требаше да биде донесен за време на референтнот период. Кон крајот на ноември на предлог на Претседателот на Владата се правени напори за одржување лидерска средба за разрешување на спорните прашања помеѓу позицијата и опозицијата. Недоразбирањето се однесува пред сè на времетраењето на мандатот на избраните јавни обвинители. Позицијата предлага временско ограничување на мандатот, а опозицијата предлага мандатот да биде до нивното заминување во пензија се разбира доколку не сторат грубо прекршување на ингеренциите во извршувањето на нивната функција.

Во референтниот период Министерството за правда продолжува со реформите врз Законот за кривична постапка и Кривичниот законик кои се споменати во претходниот извештај.

[9] Во Република Македонија на 4 000 граѓани има по еден судија, а според европските стандарди се предвидува еден судија на 30 000 граѓани.

### 9.1.4. Активности на Министерството за правда во борбата проти корупцијата

Политиката на Владата (вклучувајќи го и Министерството за правда) за нулта толеранција на коруптивните дејанија продолжува да се остварува со започнатиот интезитет. Во текот на референтниот период продолжи да се реализира кампањата „Македонија без корупција“.

Владиниот акциски план за борба против корупцијата 2007 – 2011 ги идентификува конкретните проблеми и релевантни мерки и активности кои треба да бидат преземени од министерствата, административните органи и останатите државни органи со цел обезбедување сеопфатен пристап во борбата против корупцијата. Интерресорското тело за координација на активностите против корупцијата одржува редовни состаноци зајакнувајќи ја меѓуресорската соработка и размената на информациите. На 30. 10.2007 година Владата усвои одлука за проширување на интерресорското тело со претставниците на Државната комисија за превенција на корупцијата, директоратот за превенирање перење пари, Државниот завод за ревизија, имајќи го предвид фактот дека овие институции имаат важна улога во борбата против корупцијата. На 06.11.2007 година се одржа работен состанок на ова тело со цел дискусија на имплементацијата и специфичностите на ресурсите кои се неопходни за спроведување на Акцискиот план за борба против корупцијата.

Државната комисија за превенција на корупцијата во периодот од 26 ноември до 09 декември 2007 година ќе ја спроведе медиската кампања – Меѓународен ден на корпцијата. За новинарите истражувачи во сферата на корупцијата до крајот на годината ќе биде промовиран водич-прирачник.

Во Државната комисија за превенција на корупцијата ќе бидат вработени уште 5 лица за засилување на нејзината активност.

Во периодот од 16 до 19 октомври се одржа 34 пленарно собрание на ГРЕКО (Група на држави против корупцијата – при советот на Европа) на кој беше евалуирана усогласеноста на македонското законодавство за антикорупциска политика со стандардите на Советот на Европа на ова поле. Во својот извештај ГРЕКО заклучи

дека Република Македонија успешно ги имплементирала двете трети-ни од препораките на втората евулациска сесија, додека останатите се во процес на имплементирање.

На 12 ноември 2007 е донесен новиот Закон за Јавни набавки кој ќе стапи во сила на 01.01.2008 година, а подзаконските акти се во фаза на подготовка. Со новиот закон се очекува поголема транспарентност во јавните набавки што индиректно ќе влијае на намалување на корупт-ивните активности во набавките во јавниот сектор.

Во парламентарна процедура се Законот за борба против пере-њето пари и Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривичната и прекршочната постапка, а Законот за лобирање е во процес на меѓуминистерско усогласување.

Во прилог на борбата против корупцијата во референтниот пери-од во содејство со Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство на 19.11.2007 е покрената акцијата „Змиско око“.

### 9.2. Оценување на можни ризици од (не) имплементацијата на одредени постапки или од недоволно квалитетната имплементација

Во референтниот период се избрани 14 членови на Судскиот Совет, кој не беше докомплетиран во планираниот рок на Владата до крајот на септември годинава, а останува да се избере уште еден член по предлог на Претседателот Црвенковски. Неговиот предлог за нов можен кандидат кој што им припаѓа на немнозинските заедници беше одбиен од парламентарното мнозинство.

На планот на реформите во областа на правосудството останува да се избере Советот на обвинителите кој исто така има значителна улога во овие реформски процеси. Тврдите ставови по одредени пра-шања а позицијата и опозицијата во одредени моменти се покажаа како кочница во реформските процеси. Двете страни меѓусебно се обвину-ваа за успорувањето на одредени реформи. Во овој период беше еви-дентен притисокот од меѓународната заедница за надминување на ваквите недоразбирања пред се за отсуството на политичкиот дијалог.

## 9.3. Општа експертска оценка за периодот на известување

Заложбата на Владата, односно нејзините ресорни министерства и институции задолжени за спроведување активности на полето на правдата и безбедноста односно внатрешните работи, за време на референтниот период е константна. Пред Владата предстои сериозна задача на усогласување на нејзините ставови со парламенталното малцинство околу Законот за Советот на јавните обвинители кој е уште една од базичните задачи во полето на реформите на правосудните и органите на кривичен прогон кон евро-атлантските интегративни процеси.

Во рамките на имплементација на Законот за полиција најголем дел од предвидените подзаконски акти се донесени, останува да се изберат командирите на полициските станици во содејство на МВР и локалната самоуправа.

Овие институции покажуваат висока мотивираност и спремност за преземање на реформскиот процес на делот од нивната надлежност на патот кон евро-атлантските интегративни процеси. Поголем дел од предвиените активности се извршуваат во зацртаните рокови што не е случај и со докомплетирањето на Советот на јавни обвинители што претставува важен момент за понатамошната реформа органите за кривичен прогон и правосудсвото.

# 10. Здравство

## 10.1. Имплементираните активности во периодот на известувањето

### 10.1.1. Модернизација, менаџмент и превенција

Значителен прогрес во активностите за зајакнување на функцијата за анализа на политики во Министерството за здравство е постигнат во периодот октомври-ноември, со посетата на советникот за анализа на политики Волфганг Вебер кој престојуваше во земјата од 5-14 ноември. Консултантот го достави Првичниот извештај со предлог работниот план за неговата поддршка до крајот на 2008 година, како и планот на активности на Единицата за анализа на политики (ЕАП) формирана од Министерот. Доплнително на 26 ноември беше реализирана средба со Министерот и Државниот секретар со цел оваа функција соодветно да се дефинира и вгради во структурата на Министерството за здравство.

Во најголемиот дел јавно-здравствени институции заврши изборот на раководни органи; во останатите изборот е во тек. Изборот беше извршен од 284-те кандидати кои ги поминаа обуките за здравствен менаџмент и успешно го положија завршниот испит во Агенцијата за државни службеници. Четвртиот курс за менаџери на здравствени институции стартуваше на почеток на октомври, а предавањата се организирани и се спроведуваат од страна на професори од Медицински факултет Скопје.

Јавно-здравствените институции ќе бидат дополнително модернизирани и ќе придонесат за зголемување на квалитетот на услугите со набавката на новата медицинска опрема. По спроведена постапка за избор на фирма и добиено одобрување од Светската Банка, избрана е фирмата ИНА ЕНЕРГО СИСТЕМ за инсталирање на ГПС - систем во службата за итна медицинска помош и домашно лекување.

### 10.1.2. Квалитет на услугите

Одлуката на Владата на Република Македонија (07 јули, 2007 година) за инвестирање на 40 милиони евра за подобрување на

опременоста на болниците започна да се реализира со објавување на меѓународен тендер за набавка на опремата според претходно изготвената спецификација; отварањето на понудите и изборот на најповолен(и) понудувачи се очекува да биде комплетирана во декември. Оваа досега најголема инвестиција во сегментот здравство, која е скоро 5 пати поголема од сите досегашни инвестиции во последните 17 години е наменета за општите и специјални болници и треба да придонесе за зголемување на капацитетите на јавно-здравствените установи (преку индиректно влијание на квалитетот на здравствените услуги).

Акцијата за превентивни бесплатни прегледи „Здравје за сите" која започна на 02 Јули во Скопје, продолжи и во месец октомври. Одѕивот на граѓаните бележи енормни бројки; се очекува собраните податоци да дадат една репрезентативна слика за преваленцата на најчестите хронични заболувања кај популацијата во различни региони и различните возрасни групи, што индиректно ќе придонесе за планирање и равој на превентивни програми за одредени целни популации. Во втората половина на септември започна и кампања за бесплатна мамографија и ПАП тестирања за сите неосигурани жени во РМ, за која исто така е регистриран огромен интерес од страна на целната популација, со оглед на фактот дека предвидената бројка од 2000 прегледи беше исполнета уште во првите две недели од имплементацијата. Повратните информации од терен покажуваат дека потребата за ваков тип на прегледи е огромна и треба да се размислува за зголемување на бројот на вакви прегледи во планирањето на превентивните програми за 2008 година.

Проектот за единствена цена на лековите во целата земја е пролонгиран за декември. Бирото за лекови како причина за оваа постапка го наведува незавршениот меѓународен тендер за набавка на лекови кој треба да даде комплетен увид во реалните цени на чинење и на скапите и на поефтините лекови. Како дополнителен проблем тие го посочуваат и фактот дека производителите имаат доставено цени во кои е инкорпорирана нивната заработувачка, утврдено по евалуацијата на цените извршена со користење на 5 параметри. Со воведување на единствени цени на лековите ќе се овозможи набавка на лекови во сите аптеки во земјата; за таа цел на амбалажата на лековите ќе се воведе единствена бандерола. Прогнозата на Бирото за лекови е дека овој систем би можел да заживее дури на почеток на 2008 година, со оглед на фактот дека треба да се исполнат горенаведените услови, а исто така

е неопходно да се потрошат и сите постоечки залихи кои се веќе складирани во аптеките.

Националниот Центар за фармако-информатика при Фармацевтскиот Факултет во Скопје подготви план за обука за евалуација на информациите за рационална употреба на лекови, врз основа на медицина и фармација базирана на докази. Планирано е тренингот да се одржи во периодот од 29 ноември до 21 декември, 2007 година со учество на 20 лица од Бирото за лекови и Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

### 10.1.3. Здравствено осигурување

Во ноември беше продолжен договорот со Оксфорд Менаџмент, странска консултантска компанија која е ангажирана за планирање и спроведување на истражување на трошоците на здравствените услуги во Република Македонија. Како резултат на продолжениот договор, во ноември се реализираше дополнително и сеопфатно теренско истражување во сите здравствени установи, вклучително и новоформираните општи болници, клиники и приватизиранит стоматолошки ординации во ПЗЗ. Во тек на ноември започна и внесувањето на собраните податоци од терен, а изработен е и план за анализа и соодветна презентација која треба да даде насоки за креирање на основниот пакет на здравствени услуги (ОПЗУ).

Во тек е интензивирана работа и на работната група за дефинирање на ОПЗУ, по средбата и добиените насоки од Премиерот на Владата на Република Македонија и Министерот за здравство за клучните прашања од тековните реформи во здравствениот сектор. Во тек на работата се разгледуваат и насоките и сугестиите дадени од професионалните здруженија на лекарите во Република Македонија - Лекарска комора, Македонско лекарско друштво и одделните здруженија на лекарите, на кои рокот за доставување на предлози им беше продолжен и во ноември, за да можат да ги завршат сите неопходни консултации и излезат со конкретни предлог проекти. Прифатени се сугестиите од консултантите ангажирани во рамките на ПЕК (за теми релевантни за ОПЗУ), кои го поддржуваат ставот дека партиципацијата која ја плаќаат граѓаните за услуги во ПЗЗ треба да остане кај давателите на услуги, измена која е соодветно внесена во измените на Законот за здравствена заштита кој е влезен во Владина процедура на усвојување.

За прв пат во Република Македонија е изготвена дополнета англиска и македонска верзија на прирачник ”Управен Одбор на ФЗОМ”, со цел да им помогне на сегашните и идните членови на Управниот одбор во донесувањето на одлуки поврзани со здравствената политика. Организиран е студиски престој на републичките инспектори/ контролори од централата на ФЗОМ во Германија, со цел да стекнат искуство за механизмите на контрола на здравствените услуги кои ги пружаат здравствените институции на осигурениците и за начинот на финансирање на болниците преку примената на Дијагностички Сродни Групи (Diagnosis Related Groups-DRG).

Набавката на хардверска и софтверска опрема за ФЗО е успешно комплетирана во октомври 2007; избраната компанија МАКПЕТРОЛ му ја испорача на ФЗОМ сета неопходна опрема според потпишаниот договор, со што за прв пат е воспоставена интеграција на центалната канцеларија на ФЗОМ со 30 подрачни единици за размена на информации по електронски пат. Потребна е понатамошна обука на персоналот на ФЗО за развој на базата на податоци.

### 10.1.4. Примарно здравство

Во согласност со Владините приоритети и условите поставени во рамките на аранжманот Програмски заем за развој на политики со Светска банка, Министерството за здравство како корисник на средства од Холандскиот Грант (*DTF)* даден на Министерството за финансии, превзема обврски според процедурите од Светска банка да ангажира странски експерт кој ќе и помогне на Работната група формирана од Министерот да го подготват Законот за здравствени установи до крајот на јануари 2008 година. За таа цел, Министерството за здравство во текот на ноември 2007 година спроведе интензивни активности за селекција на соодветен експерт во оваа област и во тек се активностите за одобрување и потпишување на договор со првоpангираниот консултант кој треба да ја изврши подготовката на нов Закон за здравствени установи.

Во контекст на започнување на комплетната приватизација во Примарната здравствена заштита од 01 Јануари, 2007 година, а со цел надминување на проблемите со кои секојдневно се соочуваат новите концесионери, Министерството за здравство спроведува низа на континуирани теренски истражувања, како и директни контакти со

лекарите - концесионери за да се идентификуваат тековните проблеми и да се дадат насоки за нивно надминување. Во последната недела од ноември, МЗ изработи прашалник за проценка на задоволството на пациентите од услугите во ПЗЗ, со цел да се проценат ефектите од приватизацијата во ПЗЗ. Истражувањето ќе се спроведе во соработка и под супервизија на Републички завод за здравствена заштита, а собирањето на податоци на терен ќе го извршат десетте регионални заводи за здравствена заштита кои ќе извршат и внесување на податоците во специјално изработената база на податовци за таа потреба. Анализата на податоците ќе се изврши во првата недела од декмври, а финалниот извештај со заклучоци и препораки ќе биде достапен на 15 декември, 2007 година.

Наодите од истражувањето, како и најчесто поставуваните прашања во врска со приватизацијата се објавуваат и постојано се ажурираат на веб страницата на МЗ.

### 10.1.5. Стоматологија

Основниот пакет на услуги во стоматологијата (ОПЗУ, детално опишан во функција II.3) е сеуште предмет на дебата; резултатите на трошоците за основните услуги во стоматолошката заштита како и основниот пакет на услуги кои ќе им бидат достапни на граѓаните ќе биде објавен заедно со целокупниот ОПЗУ.

### 10.1.6. Нова генерација болници

Во рамките на третата компонента од имплементација на заемот на Светска банка, беше спроведена Програма за организациона теорија и развој на бизнис планови. Во проектот беа вклучени седум пилот здравствени институции во кои менаџерските тимови изработуваа бизнис планови на своите институции и предлог проекти за капитални инвестиции. Комисијата за евалуација на работните планови и проектните предлози за компетитивната фаза за грантовската институција ја направи проценката врз основа на прирачникот за обука за изработка на бизнис планови и евалуаторот на бизнис планови по одредени примери на бизнис план и критериуми за евалуација изготвени од консултантот. Врз основа на квалитетот на изработен бизнис план и спрема рангирањето, Комисијата даде предлог за усвојување на 4 предлог проекти во компетитивната фаза на

грантовската иституција, а во рамки на однапред предвиден буџет. Еден од победниците е Здравствен дом Скопје со својот проект Инсталирање на ГПС систем во службата за итна медицинска помош.

Експертската дебата околу новиот начин на плаќање на болниците, со воведување на дијагностички сродни групи (DRGs) започна во октомври. Координаторот од ПЕК и 10 републички инспектори престојуваа во Калв и Штутгарт во Германија, со цел да стекнат искуство за механизмите на контрола на здравствените услуги кои ги пружаат здравствените институции на осигурениците и за начинот на финансирање на болниците преку примената на DRG. Практичното искуство стекнато во контекст на контролирање на извршувањето на договорениот вид, опфат и квалитет на здравствени услуги, што се обезбедуваат од страна на здравствените институции за осигурениците, треба да се имплементира во Република Македонија.

Новата опрема во вредност од 40 милиони евра се очекува да доведе до модернизација на постоечките услуги во болниците, намалување на времето за дијагностика и третман на најголемиот број заболувања, како и обука на здравствените професионалци за најновите трендови во здравството.

### 10.1.7. Приватно здравство

На крај на ноември во земјава престојуваше консултантот за реформи во јавното здравство, г-дин Томас Новотни кој ја продолжува поддршката на активностите за ревизија на функцијата, организацијата и финансирањето на јавното здравство во Република Македонија. За таа цел, оддржани се низа состаноци со Директорот на РЗЗЗ и неговиот тим, за финализирање на нацрт предлогот за реформи во функцијата и организацијата на јавното здравство во земјата. Изработени се клучните документи и направена е анализа на добрите и лошите страни од можните опции со осврт кон начинот на организацијата на овие служби во други земји. Понапредни консултации на оваа тема беа остварени со директорите на регионалните ЗЗЗ во земјата вклучувајќи го и Заводот за здравствена заштита на мајки и деца кој треба соодветно да се интегрира организациски во системот за јавно здравство на работилницата одржана на 1 декември во Маврово. Поради опсежноста на активностите, во текот на месецот е добиено одобрување од Светска

банка за времено продолжување на Договорот со консултантот до крајот на февруари 2008 година.

### 10.2. Што останува да се имплементира (што не е имплементирано или не е доработено)

До крајот на 2007 останува да се реализираат сите погоре набројани започнати активности:

- остатокот од бесплатните медицински прегледи,
- комплетирање на тендерот за набавка на медицинска опрема и лекови,
- завршување на постапката за избор на менаџери на болниците кои ќе функционираат по принцип на врзани потписи,
- финализирање на дебатата за донесување на ОПЗУ,
- финализација на децентрализацијата на Клинички центар и воведувањето на нов систем на плаќање на болниците.

Сите овие активности се само припрема за воведување на клучните реформски зафати во здравството, а резултатите ќе бидат видливи на подолг рок.

### 10.3. Оценување на можни ризици од (не) имплементацијата на одредени постапки или од недоволно квалитетната имплементација

Одложувањето на изборот на најповолни понудувачи на меѓународниот тендер за набавка на лекови (со кој се очекуваше и реално доведе до намалување на цените на лековите), го одложува воведувањето на ред во фармацевтската индустрија и регулирање на пазарот. Во контекст на лековите, мора да се напоменат и коментарите на добрите познавачи на фармацевтските состојби кои предвидуваат дека Фондот за здравствено осигурување онаму каде што нема да добива партиципација за лековите ќе компензира со покачување на партиципацијата за поскапите лекови.

Формирањето на Единица за анализа на политики во Министерство за здравство (МЗ) треба да се изврши во најкраток можен рок, со цел да се обезбеди аналитичка функција која во голема мера ќе го олесни донесувањето на одлуки и планирање на интервенции во здрав-

ствениот сектор. Ова тело треба да го замени досегашното фактографско презентирање на активностите на министерството со современ аналитички пристап, процес кој ќе го фацилитира донесувањето на одлуки засновани на докази. Со посебно внимание треба да се пристапи кон позиционирањето на оваа единица во структурата на МЗ, за да се избегне влијалнието од т.н. “кабинетски” капацитет на постоечките сектори во МЗ кои во моментот ја имаат советодавната улога.

Пред воведувањето на ДРГ како начин на плаќање на болниците, неопходно е да се дефинира и воведе начин на контрола на спроведувањето, за да се избегнат манипулации и злоупотреби (т.н. DRG Creep). За таа цел потребно е формирање на експертски тим со познавање на проблематиката кој треба да развие систем на индикатори за следење и идентификација на проблеми и злоупотреба.

Неопходна е поголема координација и соработка помеѓу МЗ и ФЗО, особено во дефинирање на превентивните програми кои се под директна ингеренција на МЗ, а инкорпорирани во договорите кои концесионерите во ПЗЗ ги склучуваат со ФЗО (на пр. превентивната програма за туберкулоза е исклучена од превентивните активности на докторите во ПЗЗ за 2008 година на нивно барање, за да се избегне досегашната пракса на скрининг на 1 од 6 пациенти регистрирани кај матичниот лекар). Ваквата пракса може да ја доведе во опасност контролата (особено на заразните заболувања), иако Владата/МЗ одвојува доволно средства за имплементација на активности, но истите не се конкретно дефинирани и предизвикуваат реакции и кај докторите и кај пациентите.

Неопходна е и поголема соработка со странските донатори и консултанти во дефинирање на проекти (особено во областа на претпристапните фондови на ЕУ),за да се избегне преклопување и дуплирање на финансирање/имплементација на активности во една иста област (на пр. УНИЦЕФ соработува со Министерството за здравство во пишување на проект кој би можел да се финансира од ЕУ преку ИПА фондовите; содржината на проектот во голема мера е веќе адресиран со проектот на Светска банка и ќе доведе до несакано дуплирање на активности во една иста област).

## 10.4. Општа експертска оценка за периодот на известување

Периодот за кој се известува е премногу краток за оценка на спроведување на крупните зафати во здравствениот систем. Заклучоците и препораките за понатамошно дејствување се само насоки во кои треба да се движат започнатите процеси; детална анализа и проценка може да се направи единствено со анализа на целокупните процеси започнати, во фаза на имплементација или завршени во тек на целата 2007 година.

Со оглед на тоа дека најголем дел од активностите се само "припрема" за еден маратонски процес чии резултати ќе бидат видливи дури по неколку години, останува заклучокот дека не треба да се брза со имплементацијата, неопходно е претходно добро да се планираат постапките за имплементација, а клучна е изработката на индикатори/параметри за следење на процесот како би можеле да се даваат соодветни препораки за измена или дополнувања.

# 11. Транспорт и врски

## 11.1. Имплементираните активности во периодот на известувањето

### 11.1.1.Градежништво

*Патишта*

Успешно финиширање со реализација на проектот (прва фаза), за „Санација на мостовите на автопатот М-1 (Е-75)" делница: Катланово – Велес (јужна траса од автопатот) и после една година повторно беше пуштен во употреба овој дел од автопатот. Санирани беа 35 мостови, а сега според планот треба да следи втората фаза од проектот, која треба да започне во 2008 година.

Започна со градба третата сообраќајна лента на регионалниот пат Р – 106, делница: од Градско до Прилеп. Градбата е овозможена со средства обезбедени од Владата на Република Македонија, во висина од 112 милиони денари (1,84 милиони евра), а вкупната должина на градежната траса изнесува околу 10 километри.

Донесени се во Собранието на Република Македонија и стапени на сила измените и дополнувања на Законот за јавни патишта, со цел за приближување кон законодавството на ЕУ.

Продолжено е со изработка на студијата за трансформација на патниот сектор во Република Македонија, од страна на консултантската куќа изработен е Работен извештај (Draft report), а до крајот на 2007 год. се очекува Втор извештај.

*Железница*

Во минатиот извештај беше кажано дека целокупната трансформација на ЈП „Македонски железници" (ЈП „МЖ"), се реализира во соработка со Светска Банка, а се базира на четири студии и тоа:

- Студија за давање јавни услуги;
- Студија за пристап кон железничката инфраструктура и
- Студија за рационализација.
- Студија за приватизација

Консултантските куќи кои работат на студиите, треба да поднесат три извештаи и тоа: Првичен извештај (Inception report), Работен извештај (Draft report) и Завршен извештај (Final report).

Во изминатиов период активно е работено на студиите, а во најнапредна фаза е првата студија (Студија за давање јавни услуги), за која е даден е Завршен извештај, за втората студија (Студија за пристап кон железничката инфраструктура), даден е Првичен извештај, а за третата студија (Студија за рационализација), даден е Работен извештај.

Според предвидувањата првата, втората и третата студија кои се однесуваат на двете новоформирани компании (ЈП „МЖ - Инфраструктура“ и ЈП „МЖ - Транспорт“), треба да бидат завршени кон почетокот на 2008 година, а четвртата студија која се однесува само на ЈП „МЖ - Транспорт“, треба да биде завршена до крајот на 2008 година.

Освен ова, во изминатиов временски период објавени се и два меѓународни тендери за набавка на основни средства (две дизел електрични локомотиви и 80 – 160 плато вагони), за работа на ЈП „МЖ - Транспорт“.

*Просторно и урбанистичко планирање*

Државниот завод за геодетски работи (ДЗГР), во овој анализиран временски период продолжува со своите активности за реализирање на програмски зацртаните цели.

Воведена е новина во работењето на катастарот (засега само за територијата на главниот град Скопје, а од феврури 2008 година за целата територија на Република Македонија), увид на имотот на граѓаните преку интернет (со отворање на посебен линк на интернет страницата на ДЗГР и внесување на бројот на имотниот лист или катастарска парцела). Веб страницата функционира и во минатиот месец имала преку 14 илјади посетители.

Вредно е да се наведе дека бројот на затекнатите нерешени предмети, заклучно со крајот на октомври 2007 год. е намален на 10.800 предмети, од 21.990 колку што биле на крајот на 2005 година.

Исто така, се продолжува во континуитет со градењето на новата зграда на катастарот, која се очекува да биде завршена за една година (август 2008 година).

### 11.1.2. Транспорт

Министерството за транспорт и врски (МТВ), во соработка со УСАИД, по вторпат организира електронско доделување на ЦЕМТ[10] дозволи за превозниците. Значајно е да се истакне дека, за првпат оваа година и апликациите се поднесуваа по електронски пат, а во електронската распределба беа вклучени и од синдикатот на транспортери „Макамтранс“.

По завршениот тендер и избор на консултантска куќа за изработка на Студија со концесиски модел за развој на Аеродромот „Александар Велики“ (Скопје) и Аеродромот „Свети Апостол Павле“ (Охрид), консултантската куќа НАКО БВ (Холандија), започна со анализа на состојбата и изработка на студија.

Заклучно со ноември 2007 година, споредено со истиот период во 2006 година, на скопскиот аеродром „Александар Велики“, евидентиран е пораст кај комерцијалните летови и превоз на патници за 19,1 проценти, а порастот на карго превозот за истиот споредбен период изнесува 59,7 проценти, додека кај охридскиот аеродром „Свети Апостол Павел“ има намалување кај превозот на патници за 9,1 проценти, а на карго превозот намалување за 26,7 проценти.

### 11.1.3. Телекомуникации

По започнувањето со работа на третиот мобилен оператор „ВИП“ во Македонија и најавата за распишување на тендер за четврт мобилен оператор, уште шест фирми пројавија интерес.

## 11.2. Што останува да се имплементира (што не е имплементирано или не е доработено)

[10] ЦЕМТ – Конференција на министрите за транспорт

Како неимплементирани, или недовршени активности, во изминатиов двомесечен период на мониторирање, може да се наведат следниве работи:

- Отпочнување со проектот за осовременување и подобрување на наплатата на патарина и наплатната служба (евидентни се слабостите во актуелниот систем за наплата на таксата за користење на автопат – патарина, кој не е променет повеќе години, најавен беше проект во соработка со Светска Банка, за осовременување на системот и подобрување на ефикасноста во работењето), што меѓудругото ќе придонесе и за намалување на корупцијата;
- Законот за градење, сеуште е заглавен во собраниска процедура;
- Се доцни со донесување на новиот Закон за јавни патишта, кој патем беше планиран со годишната програма на МТВ да се донесе до јуни 2007 година;
- Изработка на Студија за реструктуирање на патниот сектор во РМ и трансформација на системот на менаџирање и управување со патиштата;
- Двете компании кои добија национални вајмакс лиценци на тендерот, сеуште не се започнати со работа, иако требаше да започнат со работа во септември;
- Четврт мобилен оператор (иако беше најавено распишување на јавен повик за избор на четврт мобилен оператор, досега нема реализација на таа најава);
- Отсуство на конзистентност во борбата со т.н. „урбана мафија“ во областа на урбанизмот.

## 11.3. Оценување на можни ризици од (не) имплементацијата на одредени постапки или од недоволно квалитетната имплементација

Фактори кои влијаат на можните ризици, при имплементирањето на тековните и идни програмски владини активности во анализираниот ресор (транспорт и врски), може да се наведат повеќе. Влијанието на овие фактори поединечно, или во заедничко содејство на повеќе фактори, може да продуцира делумен успех или евентуално неуспех на некој проект. Некои од позначајните фактори можат да бидат наведениве:

- поради појавените политички спротивставености помеѓу власта и опозицијата, можно е опструирање или забавување на реформите;
- пролонгирање со имплементацијата, или доцнење на некои предвидени активности (како на пример донесување на измени и дополненија на постојниот закон, или донесување на нов закон);
- конзистентност во настојувањата за реформи и реализација на некои проекти;
- резистентност кон реформите, поради неизвесна иднина и страв од отпуштања од работа, во институциите каде се предвидени реформи;
- поради амбициозните планови, при имплементацијата на некои проекти и кусиот временскиот рок за реализација на планираните активности, може да доведе до делумна и неквалитетна реализација;
- недоволно ангажирање околу лобирањето, може да биде пречка за добивање поддршка од некои меѓународни институции за реализација на определени проекти.

### 11.4. Општа експертска оценка за периодот на известување

По успешното приведување на крај со работите на проектот за санација на 35 мостови на автопатот М-1 (Е-75), на делницата од Катланово до Велес, треба да следи втората фаза од проектот за санација на 21 мост на наведениот автопат М-1, на делницата до Богородица, повторно со финансиска поддршка на НАТО алијансата. Вкупната вредност на целиот проект (трите фази) чинат околу 35 милиони долари. Успешната реализација на овој проект има повеќекратно значење за Република Македонија, а не само градежно значење, пред Самитот на НАТО следната година.

Иако проектот во неговата прва фаза успешно се реализира, сепак останува да лебди прашањето, дали неможеше подобро да се изменаџира целата работа и да се направи рехабилитација на коловозната конструкција по целата делница на автопатот (Петровец - Велес), кога тој беше затворен за сообраќај?

Со изградбата на третата лента на две делници (5,5 км и 4,2 км), на регионалниот пат Р – 106 од Градско до Прилеп, се очекува да се обезбеди подобрување на патната инфраструктура, што ќе овозможи полесна и побезбедна комуникација на домашниот и меѓународниот транспорт, а воедно ќе придонесе и за побрз економски развој на пелагонискиот регион.

Со изработката на Првиот извештај од студијата за трансформација на патниот сектор во Република Македонија, се надѕираат главните токови по кои ќе тече трансформацијата. При тоа треба да се настојува за суштински промени во овој сектор, кои ќе придонесат за воведување конкуренција и зголемување на ефикасноста во работењето, а не козметички промени од типот на „преименување“.

При трансформацијата, потребно е да се земат во предвид сите аспекти: организационен, технички, социјален и правен.

Изостана предвидената реформа на патарината, иако со Програмата за работа на Министерството за Транспорт и Врски беше предвидено во првиот квартал од 2007 год. да се распише тендер, а целата постапка да заврши во текот на 2007 год.

Последните случувања во оваа служба говорат дека, повеќе не смее да има оддолжувања во осовременување на системот на наплата на патарините, бидејќи постојниот систем (кој со мали модификации фунционира од воведувањето на наплата), одамна е надминат и остава можност за манипулации.

Трансформацијата на ЈП „МЖ“, сега веќе две посебни компании, ЈП „МЖ - Инфраструктура“ и ЈП „МЖ - Транспорт“ АД во државна сопственост, продолжува со изработка на студиите од страна на консултантите.

Евидентна е разлика во пристапот кон трансформацијата помеѓу актуелнава и претходната Влада. Оваа Влада избра консултанти кои ги подготвуваат студиите за трансформација, а претходната без да подготви Студија за ефикасност во работењето и намалување на персоналот, изврши намалување на бројот на вработените, па потоа работниците по судски пат си ги остварија своите права, а ЈП „МЖ“ мораше да плаќа оштетни побарувања.

Кај Владата, се манифестира резолутниот став во борбата против корупцијата, а како најеклатанти примери се електронската распределба на ЦЕМТ дозволите за превозниците, електронската распределба на социјални станови, напуштање на востановената пракса за продажба на државно земјиште „во четири очи“ и др.

Последното воведувањето новини во работењето на Државниот завод за геодетски работи (ДЗГР), од типот на увид во имотната состојба преку интернет, придонесува за јакнење на перцепцијата на граѓаните дека ДЗГР од најинертна, преминува во една од најреформските институции во ресорот транспорт и врски.

Започнувањето со работа на третиот мобилен оператор „ВИП“, внесе вистинска конкуренција во мобилната телефонија, на големо задоволство на корисниците. Иако од Министерството за Транспорт и Врски изјавија дека до крајот на годинава можеби нема да се распише тендер за четврт мобилен оператор, во соработка со Агенцијата за електронски комуникации се разгледува можноста за развој на 3-Г технологијата, што овозможува мултимедијален пренос на податоци.

# ОПШТИ ПРЕПОРАКИ

Во преостанатиот дел од годината Владата на Република Македонија и надлежните институции треба да продолжат интензивно со драстични промени кон подобро во сите области кои се посочени во Програмата за работа на Владата 2006-2010, посебно во временскиот период од следниве 2-3 месеци кога ќе се заокружуваат финалните извештаи и одлуки на институциите и членките на НАТО пред Самитот на НАТО во Букурешт.

Но притоа, паралелно не треба да се заборави ниту на започнатите реформи предвидени со програмата на Владата а коишто не се директно поврзани со реформите за влез во НАТО. Ова е неопходно за Владата да може да го зацврстне својот кредибилитет и авторитет помеѓу народот, а не само пред меѓународна заедница.

Актуелната поставеност на **фискалната политика**, дополнета со многубројни подобрувања во инвестициската клима во земјата, условува непречено реализирање не само на програмираните, туку и преземање на други активности на Владата на Република Македонија во разни сфери од економската политика на Република Македонија. Крајниот ефект што може да се очекува од таквите динамични промени во економскиот амбиент во 2007 година е зголемувањето на бруто домашниот производ на земјата за 5 – 5,5% отсто на годишно ниво.

Таквата определеност на Владата на Република Македонија е загрозена од присуството на одредени ризици, кои првенствено се согледуваат во појавата на елементи суфицит во централниот буџет и во почетните појави, слабости во реализацијата на втората фаза од процесот на фискалната децентрализација. Тие ризици имаат сериозни заканувачки големини, кои, во престојниот период,треба да се отстранат, за да не се претворат во кочница на планираниот поинтензивен економски растеж на земјата во 2008 година.

Мерките кои се носат во областа на **трговска, индустриска и инвестициска политика** се пред се на основа на инпути и се “контролираат” без евалуација и оценка на резултатите (*outcomes*). Се

препорачува да се прави евалуација на извршени резултати (*performance budgeting*).

Владата треба да се погрижи да процесот на зајакнување на капацитетите на администрацијата добие еден системски третман бидејќи немањето на капацитет ќе претставува во најдобар случај тесно грло, а во најлош случај и пречка за спроведување на разни проекти.

Од, условно речено, подготвителниот дел на изработка на стратегии и документи се чувствуваат елементи и на преоѓање кон оперативно реализирање и имплементација преку изработените акциони планови во кои е прецизно утврдена одговорноста и крајните рокови (на пример програмската матрица на програмата за поттикнување на инвестициите). Во таа насока се охрабрува Владата редовно да го следи имплементирањето и исполнувањето на роковите во програмската матрица.

Многу е важно да се промовираат новите промени, услуги, новитети и во **финансискиот** и во **пензискиот систем**. Квалитетот на промоцијата на истите ќе резултира со ист толкав прогрес за инвестирање како кај странските, така и кај домашните инвеститори.

Во областа **економија на знаење** за идниот период треба да се работи на зајакнување на квалитетот на работата на државната администрација по секоја цена, затоа што тоа би било многу битно за спроведувањето на идните проекти на Владата кои имаат подолгорочен карактер.

Главната препорака е дека е потребно да се обрне внимание на изработката на националната стратегија за индустриска политика. Имено, постојат проблеми околу искористувањето на средствата од БЕРИС проектот за оваа стратегија, а недостасува и посветеност на највисоките државни инстанции на нејзиното креирање и имплементација.

Втората препорака е дека зголемувањето на буџетските средства за наука, развој и истражувања ќе мора да биде проследено со зголемување на капацитетот за администрирање на средствата во Министерството за образование и наука. Министерството за образование и наука, во соработка со Министерството за економија ќе мора да развие кон-

кретни програми, со цел успешно користење на буџетските средства за истражувања во 2008 година.

Еден од особено значајните процеси кој бара поинтензивни и поинвентивни пристапи е натамошното унапредување на процесот на децентрализацијата во сферата на **образованието**. Овој процес е постојано турболентен. Во изминатитот период беа регистрирани повеќе активности на Владата и соодветните органи за излегување на крај со повеќе најави за штрајк од страна на наставници во повеќе општини во Републиката поради доцнење на платите на вработените во образованието, а како последица на проблемите меѓу централната власт и локалнте власти. Причината за тоа лежи во непрефрлањето или ненавременто префрлање на блок-дотациите за образование во повеќе од 42 општини. Независно од тоа каде треба да се бараат причините за овој процес, Владата како централна власт има водечка улога и најголема одговорност за овој процес.

Особено внимание треба  да се посвети на донесувањето на новиот Закон за високото образование со цел се создадат нормативни институционални основи за подобрување на состојбите во оваа сфера.

Одолговлекувањето на разрешувањето на некои спорови во областа на **спортот**, може да продуцира (како во минатото), негативна појава на двојства во повеќе спортски федерации. Затоа, потребно е децидно применување на Законот за спорт. Ситуацијата е за жал сеуште статус кво, постапката е запрена кај второстепената владина комисија на одлука, веќе подолго време. Надминувањето на проблемите не е во никој случај во нивното оддолжување, туку напротив во резолутно почитување на законот и децизивно носење вистински одлуки.

Како земја кандидат за ЕУ Македонија во делот на **земјоделството** треба многу да стори во хармонизирање со земјоделската политика на ЕУ.

Треба да се обрне многу поголемо внимание во наредниот период на регистрацијата на земјоделското земјиште. Покрај тоа што овој проблем беше евидентиран и од страна на извештајот на ЕУ, ова е значајно и во контекстот на колатерала на поволните кредити кои се најавени во овој период за земјоделците. Имено, една од основните болки, покрај висината на каматите, беше и прифаќањето на банките за

хипотека и земјоделско земјиште. Но, нема ништо да се подобри оваа ситуација доколку не се изврши ефикасна и ефективна регистрација на земјоделското земјиште. Посебно, треба да се реши проблемот со неевидентирањето на оранжериите како објекти. Катастарот не ги евидентира оранжериите како објекти и ако се побара имотен лист, на него не го пишува објектот. А тоа пак треба да претставува услов за хипотека за кредити. Во раноградинарското производство се вработени околу 4.000 лица. Од него, со добра организација и осмислена политика, според проценитe, од извоз може да се реализираат 40 милиони евра.

Неопходно е во претстојниот период да се усогласат системите на контрола на храната заради полесен мониторинг од страна на ЕУ. Тоа е неопходно за извоз на македонската храна. Во изминатата година се изработени законите неопходни за контрола на храната и во претстојниот период следува практична примена на сите стандарди, односно нивна операционализација. По имплементацијата на прописите, ќе бидеме целосно усогласени со европските стандарди, меѓутоа проблем е поставеноста на системот на безбедност на храната, кој е поделен во повеќе институции, па позитивна насока е воспоставување заедничка контрола меѓу министерствата за здравство и за земјоделство. Македонија мора побргу да почне со примена на европски стандарди во сопственото производство на храна.

Во областа на **надворешни работи,** покрај зајакнатите институционални реформи за влез во НАТО, во периодот што следи потребно е поголемо зајакнување на билатералните односи со државите-членки на НАТО. Во врска со решавањето на статусот на Косово, се препорачува продолжување на поддршката на решението кое ќе биде поддржано од САД и ЕУ, пред се, водејќи се од заштитата на македонските национални интереси и сојузништвото со САД и ЕУ. Главна препорака е да се зајакне и интензивира процесот на лобирање во сите земји од ЕУ и НАТО, посебно во Брисел и во ОН.

Владата треба да продолжи и понатаму со својата константна заложба, односно нејзините ресорни министерства и институции задолжени за спроведување активности на полето на правдата и безбедноста односно **внатрешните работи,** во борбата против организираниот

криминал и корупцијата од една страна, а од друга страна институционалните системски реформи токму во овие две области. Посебно покажувањето на лидерството во овие сфери во следниов период може да биде еден значаен белег во напредокот на Република Македонија кон НАТО интеграцијата. Но, притоа секоја од акциите во борбата против организираниот криминал и безбедносните акции треба максимално да ги има предвид запазувањата на нормите на човековите права и сето тоа да се одвива во рамките на европските практики на дејствување на полицијата и судството.

Останува констатацијата дека Владата мора итно да го донесе и усвои основниот пакет на **здравствени** услуги; како ризични се идентификувани одложувањето на ПЗУ за 2008 година, неможност да се постигне усогласување на негативната листа на услуги, потценување на вистинските трошоци за услугите во ПЗУ, неможност да се поврзе алокацијата на ресурси со постоечките ресурси за ПЗУ, неисполнување на рокот за донесување на непходната законска регулатива како и неможност да се најде решение за постоечките долгови.

Што поскоро треба да се завршат процесите на избор на раководни органи во јавно-здравствените институции, особено во болниците кои за неполн месец треба да се соочат со еден сосема нов начин на справување со доделените финансии, процес кој бара познавање на проблематиката и извонредни аналитички и управувачки способности.

Во некои области од ресорот **транспорт и врски** нужно е да се интензивира со активности, како би се покажала интенцијата на Владата за воведување на реформи и подобрување на целокупната состојба во државата, на патот кон НАТО и ЕУ. Главна препорака е да се внимава, поради амбициозните планови, при имплементацијата на некои проекти и кусиот временскиот рок за реализација на планираните активности, да не се доведе до делумна и неквалитетна реализација.

Мониторнг на лидерство : Извештај од евалуацијата на перформансите на Владата на Република Македонија во периодот октомври – ноември 2007 година

Издавач: Институт за економски стратегии и меѓународни односи – ОХРИД

За издавачот:
М-р Билјана Јанева

Адреса:
Димитрие Туцовиќ бр. 24
1000 Скопје,
Република Македонија
Телефон: +389 2 322 44 57
Факс: +389 2 322 44 57
Веб страница: www.oi.org.mk
e-mail: info@oi.org.mk

Лектура и предпечатна обработка:  Ружица Стојановска

Печат: Академски Печат, Скопје

**ISBN: 978-9989-2671-2-3 (ed)**
**978-9989-2671-9-2**